**Министерство за внатрешни работи**

# 2020





# Годишен извештај

*Министерство за внатрешни работи*
***Биро за јавна безбедност***
***Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа***

Бр.22.4-519/1
*15.03.2021 година*

# *Годишен Извештај*
# *2020*

# Содржина

***ПОЛИЦИЈАТА-носител на активностите за почитување на здравствените прописи и спроведување на мерките за заштита на јавното здравје во услови на пандемија*** ........ 7

COVID 19 ........ 8

***I. Извештај на работата на организациските единици за потребите на министерството*** .. 13

*1.1 ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА* ........ 14

*1.2 ОДДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ* ........ 18

*1.3ОДДЕЛ ЗА СО ГРАЃАНСКИ РАБОТИ* ........ 22

*1.4 Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси* ........ 25

1.5 *Оддел за со внатрешна* ***контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди*** ........ 28

*1.6 Оддел за финансиски прашања* ........ 31

*1.7ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ* ........ 33

*1.8 ЦЕНТАР ЗА ОБУКА* ........ 34

*1.9 Оддел за Европска Унија и меѓународна соработка* ........ 35

***II. СОСТОЈБИ СО ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛОТ, ЈАВНИОТ РЕД И МИР, СООБРАЌАЈОТ И ГРАНИЧНАТА БЕЗБЕДНОСТ*** 38

*2. СОСТОЈБИ И ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ* ........ 39

2.1 *КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА* ........ 43

*2.2 ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ* ........ 44

*2.2.1 Организирани криминални групи* ........ 45

*2.2.2Недозволена трговија со дрога* ........ 45

*2.2.3 Корупција* ........ 45

*2.2.4 Тероризам* ........ 46

*2.2.5 Криумчарење мигранти* ........ 46

*2.3 Активности на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал* ........ 48

*2.4 Корупција* ........ 50

*2.5 Перење пари и други приноси од казниво дело* ........ 52

*2.6 ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЊЕ МИГРАНТИ* ........ 53

*2.6.1 Трговија со луѓе* ........ 54

*2.6.2 Криумчарење на мигранти* ........ 55

*2.7* НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА ........ 58
*2.7.1 Недозволена трговија со дрога* ........ 59
*2.7.2 Недозволена трговија со оружје* ........ 597
*2.7.3 Криумчарење акцизни и други видови стока* ........ 65
*2.8* КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛ ........ 66
*2.8.1.Кривични дела од класичниот криминал* ........ 67
*2.8.2.Кривични дела против живот и тело* ........ 67
*2.8.2.1. Убиства* ........ 68
*2.8.2.2. Самоубиства* ........ 68
*2.8.3. Кривични дела против имотот* ........ 70
*2.8.3.1 Тешки кражби* ........ 70
*2.8.3.2 Разбојништва* ........ 71
*2.8.4. Кривични дела против половата слобода и морал* ........ 72
*2.8.5. Семејно насилство* ........ 72
*2.8.6. Останати кривични дела од класичен криминал и други безбедносни појави* ........ 72
*2.8.7.Пожари* ........ 73
*2.8.8.Кривични дела од омраза* ........ 73
*2.9 ЕКОНОМСКИ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ* ........ 74
*2.9.1 Економски криминал* ........ 75
*2.9.2. Компјутерски криминал* ........ 76
*2.10 ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ И СТРАНЦИ* ........ 78
*2.10.1. Гранични проверки и граничен надзор* ........ 79
*2.10.2 Илегална миграција* ........ 81
*2.10.3 Проток на патници на гранични премини* ........ 817
*2.10.4 Престој на странски државјани по разни основи* ........ 85
*2.10.5 Преземени прекршочни и кривични мерки* ........ 86
*2.10.6 Барања за азил* ........ 88
*2.11 СОСТОЈБИ СО ЈАВЕН РЕД И МИР* ........ 89
*2.11.1. Предвремени Парламентарни избори* ........ 90
*2.11.2. Прекршоци против јавен ред и мир* ........ 90
*2.11.3 Насилничко однесување меѓу ученици* ........ 92
*2.11.4 Насилство на спортски натпревари* ........ 93
*2.11.5. Напади врз овластени службени лица* ........ 94
*2.11.6 Примена на полициски овластувања* ........ 95
*2.11.7 Употреба на средства за присилба* ........ 95

*2.12 БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ* ..... 96

*2.12.1 Сообраќајни незгоди* ..... 97

*2.12.2 Настрадани лица* ..... 98

*2.12.3 Загинати лица* ..... 99

*2.12.4 Превентивно-репресивни мерки* ..... 100

***III. ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ И ДРУГИ РАБОТИ*** ..... 101

*3.1 Единица за со стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет* ..... 102

*3.2 Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа* ..... 105

*3.3 Оддел за со заеднички работи и управување со човечки ресурси* ..... 109

*3.4 Оддел за криминалистичко технички испитувања и вештачења* ..... 112

*3.5 Оддел за со заштита на определени личности и објекти* ..... 116

*3.6 Сектор за меѓународна полициска соработка* ..... 119



Примарно начело, основа на сите наши заложби е етаблирањето на полицијата како кредибилна, максимално транспарентна, отворена институција, на која што во секое време и во секоја прилика граѓанинот ќе може да се потпре. Впрочем, станува збор за правец кој што одлучивме да го следиме, и водени од тоа да постапуваме во секојдневните наши активности, независно на кој дел од работењето се однесуваат.

Во таа смисла, овој јавно публикуван документ – Извештај за полициската работа за 2020 година – претставува сублимат на резултатите од нашето работење. Лично сметам, а тоа го потврдуваат и изложените статистики и анализи, дека и минатата, инаку една од најтешките години не само кај нас, туку и глобално – пред сѐ поради пандемијата од коронавирусот „ковид-19“, а која што, за жал, сѐ уште трае - постигнавме добри резултати во полициското работење, а имавме и една од клучните улоги во спроведувањето на мерките и препораките за заштита на јавното здравје и здравјето на секој наш граѓанин.

Но, независно од презентираните бројки, ние сме решени да продолжиме не само со интензивно реформирање на безбедносниот сектор, туку и со континуирани активности во насока на уште повисоко подигање на професионалните и социјалните стандарди на сите вработени во Министерството за внатрешни работи, како и уште подинамично подобрување на материјално-техничката инфраструктура, на едукативното и стручното ниво, на сето она што во крајна линија директно влијае од година во година да ги подобруваме ефикасноста и квалитетот во сите сегменти на полициското делување, а во интерес на сигурноста и безбедноста на сите наши граѓани.

Оставајќи на јавноста да даде своја оценка за изложеното во Извештајот за работа на полицијата за 2020 година, на крајот од овој воведник сакам само да потенцирам дека полицијата останува да биде сервис на граѓаните, институција посветена да одговори на сите предизвици во доменот на сигурноста и безбедноста, во согласност со обврските и одговорностите што законите ѝ ги налагаат и по кои секогаш ќе се постапува – бескомпромисно и ефикасно.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Оливер Спасовски



***ПОЛИЦИЈАТА-носител на активностите за почитување на здравствените прописи и спроведување на мерките за заштита на јавното здравје во услови на пандемија***

COVID 19

# *ПОЛИЦИЈАТА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА*

- **Формирано Координативно тело за координација на активностите и задачите за спроведување на Одлуките и Уредбите на Владата на Северна Македонија**

- **Донесени повеќе подзаконски и интерни акти поврзани со постапувањето и спречувањето на Covid-19.**

- **Констатирани прекршоци за непочитување на донесените мерки**



***Борбата за справување со вирусот Covid-19, предизвикаа потреба за итно преструктурирање на работата на Министерството за внатрешни работи, при што истото како носител на функцијата за вршење на внатрешните работи, во согласност со утврдените надлежности, посветено работеше и соработуваше со сите институции кои се надлежни за постапување во овој домен. Спроведувањето на одлуките и мерките на целата територија на државата беа поставени како врвен приоритет за постапување, а расположливите капацитети на Министерството стратешки беа насочени кон спроведување на националните мерки и одлуки, како и давање на потребната поддршка на здравствениот систем.***

Министерството за внатрешни работи активно партиципираше во Координативното тело за прибирање и размена на информации за спроведување на мерките за спречување на појавата, раното откривање, спречување на ширење и сузбивање на корона вирус инфекција (Covid-19) формирано на 28.02.2020 година од страна на Министерството за здравство.



Непосредно по прогласувањето на вонредна состојба во Северна Македонија, во рамки на Министерството за внатрешни работи формирано е Координативно тело кое секојдневно вршеше координација на активностите и задачите за спроведување на Одлуките и Уредбите на Владата на Северна Македонија, координација на активностите помеѓу Министерството и Армијата, соодветна прераспределба на човечките ресурси, набавка и распределба на заштитни средства и опрема, како и донесување на одлуки по другите специфични прашања кои се поврзани со наведената состојба.

***На 21.03.2020 година беше формиран и Оперативен штаб со претставници од Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана - Армија на Република Северна Македонија, заради правовремена координација на активностите на Министерството, силите и средствата на Армијата, кои во овој период беа ангажирани во делот на физичкото обезбедување на објектите од посебно значење и реализацијата на патролите и контролните пунктови за обезбедување на државната граница.***

Министерството активно учествуваше во работењето на Главниот Штаб на Центарот за управување со кризи, континуирано постапуваше и даваше придонес за спроведување на акциските планови кои беа изработени за постапување во услови на прогласена кризна состојба и даде соодветен придонес во националната правна рамка со која се уредуваа законските и подзаконските акти поврзани со пандемијата. Во насока на управувањето со состојбите и менаџирање на стратешко ниво, Владата на Северна Македонија донесе повеќе одлуки и уредби со законска сила чие спроведување е во делот на надлежност на Министерството за внатрешни работи, при што неколку уредби со законска сила се донесени и по предлог на нашето Министерство.



Во рамки на Министерството донесени се повеќе подзаконски и интерни акти поврзани со постапувањето и спречувањето на Covid-19, а континуирано беа преземани мерки за заштита на здравјето и животот на полициските службеници, при што спроведени се бројни активности за обезбедување на заштитни средства и опрема. Дел од опремата е обезбедена со тековни договори на Министерството за внатрешни работи, а дел од нив се доделени како донации од страна на Министерството за здравство, Кинеската Амбасада, Република Словенија, Република Унгарија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и слично.

***Со цел за обезбедување на соодветна заштита изготвено е Упатство за начин на однесување на вработените во Министерството во услови на вонредна состојба предизвикана од појавата на Covid-19 и препораки со цел спречување и ширење на вирусот, во кое соодветно е пропишано нивото на опрема и заштита кои ќе треба полициските службеници да ги имаат во зависност од типот и видот на работните задачи што ги извршуваат.***

На 10.04.2020 година, во функција беа ставени и три телефонски линии на кои стручни лица -психолози, ќе им бидат на располагање за разговор и психолошка поддршка на полициските службеници и нивните семејства. Со цел обезбедување на потребите на граѓаните Министерството стави во функција и посебна телефонска линија, како и електронска адреса каде граѓаните добиваа соодветна информација за функционирањето на услугите и сервисите на Министерството, како што се прашањата поврзани со рестриктивните мерки со кои беше ограничено движењето, потоа пријавување на лица кои треба да бидат во изолација или самоизолација, поплаки за не јавувања на телефонските броеви од други институции, издавање дозволи за движење итн.



Во рамки на Министерството креирана е посебна апликација за следење на преземените мерки во врска со Covid-19, при што официјалната статистика за овој дел редовно се процесираат за информирање на надлежните органи и тела, како и за информирање на јавноста.

Во 2020 година активностите на Министерството во најголем дел беа насочени во делот на спроведување на рестриктивни мерки кои се однесуваа на забраните за собирање и движење на граѓаните, вклучувајќи ги мерките за изолација и самоизолација, потоа задолжителното носење на заштитни маски или друга прекривка на носот и устата, ограничување на работата на деловните објекти и слично.




По однос на определените мерки за изолација и самоизолација, од страна на Министерството извршени се вкупно 1.091.657 контроли, при што биле констатирани 469 непочитувања. За непочитување на мерките на изолација и самоизолација поднесени се 276 кривични пријави против 344 сторители, за сторени 325 кривични дела, како и 27 прекршоци, против 27 лица. Во рамките на овој прекршок писмено опоменати се 949 лица, а за групирања констатирани се два прекршока сторени од страна на 28 лица.

***Констатирани се 127.391 прекршок согласно Уредбата за носење лична заштита на лицето, од кои против физички лица евидентирани се 127.059 прекршоци, против правни лица евидентирани се 328 прекршоци, како и пријавени се четири одговорни лица.***

Секторите за внатрешни работи самостојно или во соработка со Државен пазарен инспекторат извршија 43.132 контроли на угостителските објекти, кафетерии, барови, ресторани, клубови, казина и спортските обложувалници согласно мерките дадени од Владата при што за целокупниот период се констатирани неправилности во 258 објекти, за што се поднесени 56 кривични пријави против 75 физички и 18 правни лица.



За лицата кои доаѓаа од земјите со среден и висок степен на ризичност, беа определени објекти за државен карантин кои беа обезбедувани од страна на припадниците на Министерството за внатрешни работи и припадниците на Армијата на Република Северна Македонија. Во наведените објекти беа сместени вкупно 7.588 лица кои беа опфатени со мерката државен карантин. За непочитување на оваа мерка беа поднесени 25 кривични пријави против 32 сторители, за сторени 29 кривични дела.

Со одлуките на Владата за ограничување на движењето на населението, од страна на полициските службеници евидентирани се вкупно 5.414 лица кои не ја почитувале мерката забрана за движење, од кои 3.629 лица се приведени, 399 лица се предупредени додека на 1.386 лица им е земен записник на лице место. При тоа поднесени се вкупно 3.581  кривична пријава, 75 прекршочни пријави и и 359 известувања за сторени кривични дела. Во текот на 2020 година со Covid 19 се заразиле 1.042 работници на Министерството за внатрешни работи, поради контакт со заболен во самоизолација биле 1521 лица, додека во овој период како последица од оваа болест починати се пет вработени.

Од страна на Регионалните центри за гранични работи земени се 13.811 изјави за самоизолација, вратени се вкупно 8.115 лица, а 14.928 лица лица ја напуштиле државата подолго од три месеци.Во делот на кривичната материја која е поврзана со оваа област, поднесени се   кривични пријави против 5.463 сторители за сторени 4.494 кривични дела, од кои поголемиот број се однесуваат на непостапување според здравствените прописи за време на епидемија, а помал број се за пренесување заразна болест.




**Граф 1: Мерки за непочитување изолација/самоизолација**




**Графикон2 :Прекршоци за неносење маски**




**Граф 3: Констатирани неправилности во објекти со ДПИ**




**Графикон4 :Непочитување мерка забрана за движење**




## *I. Извештај на работата на организациските единици за потребите на министерството*

## 1.1
## ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА

Одделот за односи со јавност и стратешки прашања континуирано преземаше активности за навремено информирање на јавноста и почитување на начелата за транспарентност и отчетност во работењето на Министерството за внатрешни работи. Во оваа насока, Одделот преку разни комуникациски форми секојдневно споделуваа информации кои се од интерес за јавноста, а исто така, во согласност со законските прописи, овозможуваше пристап до информациите од јавен карактер, даваше одговори на новинарските прашања, како и барањата кои пристигнуваа од сите заинтересирани страни.  Во 2020 година постапено е по 2.325 писмени барања од новинари и медиуми, а како најчест начин за информирање на јавноста, практикуван е брифинг со новинарите и секојдневна телефонската комуникација која се одвиваше преку портпаролите кои се задолжени за информирањето на јавноста, како на централно, така и на локално ниво.

***Комуникацијата со граѓаните континуирано се одвиваше и преку официјалниот контакт е-маил на Министерството за внатрешни работи kontakt@moi.gov.mk и mvrjavnost@gmail.com, каде што секојдневно пристигнуваат барања или прашања од граѓани и институции, анонимни пријави за криминал, забелешки и поплаки против вработени од министерството.***






Одржувањето и функционирањето на веб страницата на Министерството, беше целосно насочено кон почитување на медиумските стандарди, како и принципите за транспарентност, веродостојност и валидност на пласираните информации. На оваа страница, во 2020 година обработени се над 2.000 информации, а според сите показатели, истата продолжува да биде една од најпосетените институционални веб страници. Преку официјалниот канал на YouTube, објавени се 211 видеа, кои имаат остварено околу 415.000 прегледи, а соопштенија, фотографии и билтенски известувања секојдневно се објавуваа и на Facebook страната на Министерството за внатрешни работи, која ја следат преку 50.000 корисници.

Во текот на 2020 година, пристигнати се над 2.500 електронски пораки од граѓани и институции, а на веб страницата на МВР прикачени се и над 1.500 јавни објави за доставување.
Покрај наведениот начин на информирање, Одделот секојдневно одговараше и на барањата од медиумите за изјави и реакции, а беа одржувани и прес конференции за одделни поводи, настани и реализации.
Во делот на медиумските кампањи и проекти, континуирано се реализира проектот „Предложете сообраќајна контрола на веб-страницата на МВР", во чии рамки постапувано е по околу 80 барања од граѓани, а реализирани се и десетина медиумски кампањи за превенција. Преку апликацијата "Црвено копче" која е наменета за пријавување на сознанија или информации од областа на злоупотреба на деца, криминал од омраза и повикување на насилство, како и трговија со луѓе, пристигнати се околу 223 пријави.

***Одделот редовно го сервисираше и делот од владиниот проект Е-влада каде по електронски пат се испраќаат државјанства, информации, закони, одлуки и останати правни акти. Во рамките на овој дел, во 2020 година испратени се 53 барања за добивање државјанство, 17 информации и 67 предлози.***

Во рамки на локалните канцеларии за односи со јавност, во 2020 година испратени се над 2.000 соопштенија, извадоци од дневни настани и други известувања до јавноста, редовно се организирани брифинг средби со новинарите, дадени се над 250 изјави и телевизиски настапи, а исто така дадено е и активно учество во превентивните кампањи и проекти. Оваа година поднесени се 165 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои на 150 барања е одговорено позитивно, шест барања се препратени до други надлежни институции, додека останатите девет се одбиени и отфрлени во согласност со законските одредби.



Работните процеси и активностите за стратешко планирање и контрола и управување на квалитетот во работењето се спроведуваа согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015. Во делот на стратешкото планирање изготвен е Стратешкиот план на МВР 2020-2022 година, а степенот на реализација на активностите планирани во 2020 година се следеа преку Годишниот план за работа на МВР за 2020 година, при што оценето е дека Министерството во 2020 година оствари висок степен на реализација на планираните стратешки активности (околу 63%). Во оваа насока, позначајни се активностите за реновирање на објектите на полициските станици, ако и други објекти на Министерството, меѓу кои значајна е и изградбата на новото стрелиште во касарната „Илинден", како и продолжувањето на изградбата на новата зграда за потребите на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења, потоа ставањето во функција на Оперативните комуникациски центри во СВР Струмица и Охрид, подобрување на материјално-техничката опременост на службите за безбедност на сообраќајот на патиштата за што набавени се и 148 комплети на боди камери, инсталација и конфигурација на опремата за ИКТ Центарот итн. Во делот на стратешките документи, значајна е изработката на Стратегијата за обука и развој на вработените во МВР 2021-2023 година и Европска стратегија за интегрирано гранично управување. Покрај тоа, изработен е етички кодекс за однесување на вработените во МВР, а формиран е и работен тим за акредитација на Центарот за обука.

Во делот на управување со квалитет, во 2020 година новина претставува имплементирањето на стандардот МКС EN ISO 9001:2015 и во Одделот за информатика и телекомуникации, а исто така за прв пат успешно е извршено мерење на задоволството на вработените во МВР преку анкетни прашалници, како алатка на Системот за менаџмент на квалитет. Во рамки на активностите од овој домен, изготвени се четири нови Прирачници за квалитет, а ново донесени или ревидирани се повеќе процедури за работа .




Преку Одделението за протоколарни настани и активности реализирани се бројни активности, настани, промоции на проекти, средби, состаноци и конференции на регионално и меѓународно ниво на кои учествуваа министерот и другите функционери од МВР.

***Активностите за реализација на иницијативите како дел од Програмата за работа на Владата за 2020 година беа спроведувани преку електронскиот систем за стратешко планирање на Владата, а продолжена е и реализацијата на проектот „Проектна идеја за информатичко – техничка поддршка за следење и евалуација на реализација на стратегиите и проектите во МВР ", во чии рамки се работеше на дизајнот на софтверската апликација.***

Секторот за безбедност на информации преземаше активности за интеграцијата на стандардите на ЕУ и НАТО, при што активностите особено беа насочени кон зајакнување на информациската безбедност во системите со информатичко-комуникациски технологии, како и исполнување на обврските за идентификување и справување со сајбер-заканите. Во оваа насока, дадена е поддршка на тековните проекти, при што претставници од овој сектор активно беа вклучени и во

работната група за поддршка на Советот за сајбер-безбедност на Северна Македонија и работната група за изработка на Уредбата за безбедност на комуникациско – информациски системи за класифицирани информации. Секторот партиципираше и во обуките и форумите кои се организираа на меѓународно ниво, а обезбеден е и континуитет во комуникацијата со командата на КФОР, како и воената полиција на НАТО/КФОР.

***Во 2020 година одржана е работна средба со шефот на Канцеларијата за врски на НАТО, а учество е земено и во планирачките активности за организација на НАТО-ЕАДРЦЦ вежбата, како што се координативната планирачка конференција во Охрид и Главната планирачка конференција во Брисел.***

Во 2020 година финализирана е постапката за материјално – техничко опремување на Регистарот за класифицирани информации во МВР со што се исполнија критериумите за работа со класифицирани информации со највисок степен, за што извршен е и инспекциски надзор од страна на Канцеларијата за безбедност на НАТО. Во согласност со законската регулатива, препораките и директивите на НАТО, континуирано се преземани и активности за заштита на странските класифицирани информации, како и областа за заштита на личните податоци, каде посебно внимание е посветено во однос на имплементирањето на одредбите од новиот закон.

Во 2020 година извршена е координација на активностите за суперревизија на интернет страната на МВР со засегнати страни, како и изработка на предлог-текст за Политика за приватност и Политика за користење на колачиња (cookies) на интернет страната на МВР. Оваа година, спроведена е и обука за безбедност и работа со класифицирани информации на слушателите на курсот за основна обука за полицаец, додека по однос на прашањата од оваа област континуирано се давани мислења и препораки за организациските единици во МВР.



Активностите за криптозаштита се извршуваа согласно надлежностите определени со Уредбата за организација и функционирање на криптозаштита за управување и одржување на системите за криптозаштита за национални класифицирани информации на државните органи во Северна Македонија. Покрај тековните работи, во однос на овој дел значајна е изработката на предлог текстот од Планот за работа на информацискиот систем во непредвидливи услови за деловниот процес „Управување со национални криптографски производи“.

## 1.2

## ОДДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

Одделот за информатика и телекомуникации континуирано извршуваше работи и задачи за одржување и надградба на информатичко техничките и телекомуникациите системи на Министерството за внатрешни работи. Во рамки на Секторот за информатичка технологија реализирани се повеќе активности за обезбедување на информатичката поддршка на надлежните служби, како и развој и имплементирање на проекти кои значат приближување до стандардите на Европската Унија.

***Во делот на развој и имплементација на проекти на Министерството, позначајни се преземените активности во рамки на проект: Набавка на опрема за имплементација на Business Continuity and Disaster Recovery (BCDR) систем и модернизација на примарната ИТ инфраструктурата – ИПА 2014, при што истиот е доведен во завршна фаза на издавање сертификат за привремено прифаќање согласно правилата за ИПА проекти.***

Во текот на 2020 година, по однос на овој проект реализирани се следните активности: инсталација, конфигурација и тестирање на опремата на двете локации во Скопје и Прилеп, имплементација на решенија за префрлање на работењето во Прилеп, во случај на недостапност на опремата во Скопје, воспоставена е репликација на податоците од ХОСТ системот во релациони бази на новата модернизирана примарна ИТ инфраструктура, извршена е миграција на постојните LPAR2 апликации на модернизираната примарна ИТ инфраструктура, развиени се корисничките и помошни апликации, спроведено е завршно тестирање на испораките од проектот, а потоа и пуштање во продукција на сите функционални целини, освен на новите апликации кои дополнително треба да се прилагодат и прифатат од крајните корисници.

Во 2020 година развиено и имплементирано е софтверско решение за евиденција на сите активности и преземени мерки во врска со Covid-19, завршен е и проектот за воведување на ISO 9001 стандардот во работењето на Секторот за информатичка технологија, извршена е надградба на Билтен на дневни настани во СВР Охрид и СВР Струмица, а завршен е и проектот за Модернизација на софтверско решение од ХОСТ- Судски прекршоци, чија цел е постепена миграција на софтверските решенија кои активно работат на ХОСТ на новата апликациска платформа обезбедена во рамки на BCDR проектот. Во оваа насока, новата апликација е имплементирана во продукција и се користи од корисниците.

Покрај наведените активности, Секторот за информатичка технологија активно учествува во активностите за спроведување на тековниот проект на UNDP – Скопје „Подобрување на националните практики за мало и лесно оружје", во чии рамки опфатени се две компоненти, од кои едната е имплементација на нов софтвер за оружје со вклучени правни лица кои вршат промет со оружје, додека втората компонента е насочена кон Имплементација на интегриран полициски информациски систем.

Во делот на тековните активности, персонализирани се 735.205 лични документи, извршени се 385 масовни обработки на податоци, реализирани се девет обуки на корисници за апликативни решенија, извршена е инсталација на 279 компјутери, а 92 компјутери се сервисирани. Тековното одржување е спроведено на 3.500 компјутери, при што континуирано се преземани активности по пријава за дефекти, ажуриран е пристап на корисниците и извршени се други работи од информатички аспект.

Во делот на телекомуникациската дејност, покрај одржување на техничките и телекомуникациски системи, фокусот на активностите беше насочен и кон реализација на стратешките проекти. Во рамки на повеќегодишната ИПА програма за воспоставувањето на ИКТ систем за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работењето, преземени се активности за усогласување на техничка документација за дизајнот на ИКТ системите и завршена е целокупната опрема, а реализирани се и обуки за користење на новиот Податочен центар во Прилеп.

***За реализација на проектот Надградба на системот за Нови лични документи 2020, чија цел е имплементација на одредбите од Преспанската спогодба и Законот за јазици во личните документи, формиран е Управен комитет и повеќе проектни тимови, при што Секторот за ИТ активно е вклучен во разгледувањето на документите од функционалната спецификација изготвени од „Веридос", а исто така реализирани се и активности за тестирање на дел од компонентите на новиот централен систем***

Во рамки на проектот за Надградба на ТЕТРА системот – четврта фаза и Имплементација на проектот за единствениот број за итни повици Е112 успешно се спроведени тендерските постапки и потпишани се договори за имплементација. Во рамките на овој проект направени се посети на потенцијалните нови локации, состаноци со Телеком операторите, избор на локациите и утврдување на сите потребни технички детали. Реализацијата на проектот за имплементација на единствениот број за итни повици Е112 е обврска на Центарот за управување со кризи, а МВР ќе биде еден од корисниците на новиот систем користејќи нова опрема од проектот инсталирана во Центрите за известување и командување во осумте Сектори за внатрешни работи.

***Во рамки на проектот за водење на нова електронска евиденција за оружје, за прв пат е направено техничко решение за безбеден пристап на надворешни субјекти кон електронската евиденција на МВР.***

Надградба на VoIP телефонијата во МВР продолжи да се спроведува и во 2020 година, при што системот функционира без недостатоци, а миграцијата се спроведува етапно, при што оваа година извршена е инсталација на мрежна опрема, рутери, свичови и целосна миграција на аналогниот телефонски систем со 200 нови ИП телефонски приклучоци. При имплементација на проектот за намалување на ризикот од пролиферација на оружје и муниција, покрај градежните зафати, инсталирана е и телекомуникациска опрема во 15 полициски станици која се состои од рутери, свичови, ИП телефонски апарати, камери контрола на пристап и микробранови линкови за поврзување.

Во текот на 2020 година извршена е целосна промена на јадрото на компјутерската мрежа на МВР, при што извршена е целосна замена на главните агрегаторски рутери, свичови и фајарволи. Мрежата е целосна реорганизирана и инсталирани се двојни поврзувања согласно на концептот за опоравување од катастрофи. Во рамките на проектот Дата центар за опоравување од катастрофи во Прилеп извршено е целосно инсталирање на јадрена инфраструктура со агрегаторски рутери, свичови, фајарволи и остварено е телекомуникациско поврзување со мрежата на МВР.

***Инсталирани се дополнителни свичеви и рутери за поврзување на ИП телефонски апарати и инсталирани се 100 нови ИП телефонски приклучоци. Поврзани се девет пунктови за регистрација на моторни возила и Полициски одделенија, преку изнајмени линии.Извршено е реорганизирање на телефонските линии 192 и инсталирање на Call centar за потребите на ЦИК во СВР Битола, СВР Охрид , СВР Струмица и СВР Скопје.***

Покрај наведените активности, извршена е делумна миграција на аналогниот телефонски систем во објектот МТВ и во кругот на МВР, во ИП телефонски систем и инсталирани се 200 нови ИП телефонски приклучоци.

Одделението за радио комуникациски системи и напојување континуирано извршуваше работи од оваа дејност, при што позначајни се активностите во имплементацијата на проектот „Набавка на опрема за имплементација на Системот за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работата и модернизација на ИТ инфраструктурата во седиштето на Министерството за внатрешни работи - Лот 1“-ИПА 2014. Сите проблеми во текот на имплементацијата се успешно надминати, а со реализацијата на оваа фаза во декември 2020 година, објектот е целосно функционален.

Одржувањето и развојот на ТЕТРА системот е исто така подржан од овој Сектор, при што во овој дел извршена е набавка на 1000 парчиња на ТЕТРА рачни терминали со додатоци, редовно се санира состојбата на локациите на базните станици, со што во функција се враќаат сите мрежни елементи од ТЕТРА системот. Исто така извршена е инсталација на нова опрема и реконфигурација на постоечката во ТЕТРА системот заради подобрување на квалитетот или отстранување на зависноста на системот од трета страна на локации каде што сме закупец на услуга. Во текот на 2020 година во делот на ТЕТРА опрема во употреба се пуштени Центрите за известување и команда во СВР Охрид, СВР Куманово, СВР Штип и СВР Струмица.

Во рамки на Одделението за експлоатација, криптообработка и видео надзор континуирано се преземаа активностите од овој аспект, при што во 2020 година значајно е проширувањето на системот за видео надзор, при што на крајот од годината активно се одржуваат 80 објекти со систем за видео надзор, 840 камери и 81 објект со алармни системи



## 1.3
## ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ

Одделот за граѓански работи, во текот на 2020 година, успешно ги спроведе активностите и задачите од негова надлежност. Во доменот на надлежностите на **Секторот за управно надзорни работи** издадени се 316.523 лични карти, определени се 24.035 нови матични броеви и донесени се 2.331 решенија за промена на личното име. Во 2020 година издадени се 267.592 **патни исправи** и 3.304 одобренија за патување во странство на деца до 14 години.

На барање на надлежните судови издадени се 29 патни исправи со одреден рок на важење, а поради изречени судски забрани за издавање на патни исправи, односно нивно одземање, донесени се 615 решенија за одбивање на барања за издавање на патни исправи или за одземање на патни исправи, додека согласно член 7-а од Законот за личната карта, донесени се 471 решение за забрана за преминување преку државна граница.

***Во дипломатско-конзуларните претставништва на Северна Македонија во странство, издадени се 5.149 патни исправи. Оваа година издадени се 44.313 уверенија за државјанство, а при спроведување на постапките по барање за прием или отпуст од државјанство, донесени се позитивни решенија за прием во државјанство за 421 лице, додека за 1.240 лица донесени се позитивни решенија за отпуст од државјанство.***



**Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност**, вршеше надзор над правни лица кои вршат промет со оружје и муниција, експлозивни материи, запални течности и гасови, изготвуваше одобренија за превоз на оружје, муниција и експлозивни материи. Исто така, се водеа постапки за издавање одобренија за физички и правни лица за набавување на оружје, делови за оружје и муниција, издавање дозволи за оружје, дозволи за поседување на оружје, дозволи за колекционерско оружје, дозволи за носење оружје, потврди за пријавено оружје од Д категорија, како и водење на постапки за одземено оружје (управна, прекршочна и кривична постапка).

Согласно Законот за промет на експлозивни материи претставници од секторот учествуваа во постапката за пуштање во промет (верификација) на експлозивни материи на територија на Република Северна Македонија и издаваа одобренија за верификација на истите, како и дополнување на листата на експлозивни материи кои можат да се пуштат во прометот на територија на државата.

***Во 2020 година, донесени се 238 решенија за одземање оружје и дозвола за оружје, од кои во кривична постапка донесени се 65 решенија, во прекршочна постапка 82 решенија, во управна постапка 82 решенија, а додека за семејно насилство одземени се девет парчиња оружје.***

Во постапка за легализација на оружје, позитивно се решени 45 барања, додека за 10 барања е донесена негативна одлука. Министерството за внатрешни работи позитивно одлучи 2.105 барања за издавање на одобренија за набавување на оружје, а издадени се 3.614 одобренија за набавување на муниција за оружје за жлебана цевка од кои 3.591 одобренија на физички лица и 23 одобренија на правни лица. Издадени се 4.350 дозволи за поседување оружје на физички лица, 18 дозволи за поседување оружје на правни лица и 125 дозволи за носење на оружје (за вработените во правните лица кои вршат приватно обезбедување). Новорегистрирани се вкупно 1.971 парче оружје, и тоа: 1.917 парчиња оружје кај физички лица, 10 парчиња оружје кај стрелечки и ловечки организации, 35 парчиња оружје кај агенциите за приватно обезбедување и девет парчиња оружје се регистрирани кај правни лица кои вршат приватно обезбедување за сопствени потреби.

Една од приоритетните задачи во тековната 2020 година, беше имплементација на целите и активностите од Акцискиот план за спроведување на Патоказот за одржливо решение за нелегално поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје и муниција на Западен Балкан до 2024 година. Со донација на UNDP, се пристапи кон изготвување на ново софтверско решение за управување и следење на оружјето, деловите за оружје и муниција и тоа од влез на Граничен премини, вклучувајќи ги правните лица кои се занимаваат со дејност оружје

(магацините, продавници, производители, стрелишта и поправка на оружје), па до крајниот корисник – купувачот, односно граѓанинот.

**Секторот за азил** во 2020 година, започна со водење на првичен разговор со баратели на право на азил и главно интервју преку on-line платформата. Во Секторот за азил примени се 199 барања за признавање право на азил, за вкупно 211 лица. Република Северна Македонија по основ на признаено право на азил згрижува 12 лица со статус на признаен бегалец и 163 лица со статус на супсидијарна заштита.

***Оваа година, издадени се 121.411 возачки дозволи, од кои 25.793 се издадени на лица кои за прв пат положиле возачки испит. Од судовите примени се 16.272 решенија со изречена заштитна мерка "забрана за управување со моторно возило", 70 решенија со санкција "престанок на важење на возачката дозвола" и 188 со санкција "забрана за стекнување со возачка дозвола".***

Во областа на **сообраќајот**, годинава се регистрирани вкупно 516.804 возила. Прва регистрација е извршена на 39.720 возила, од кои 9.060 се нови возила, а 30.660 се половно -увезени возила. Регистрацијата е продолжена на 477.084 возила. Во 2020 година донесени се 10 позитивни и едно негативно решение за овластување на правни лица за вршење технички преглед на возила и едно решение за одземање на овластување. Издадени се 23 лиценци за работа на авто школи, две решенија за забрана за работа на авто школа во траење од 30 дена и едно решение за одземање на категорија за оспособување на кандидати за возачи во авто школа.



## 1.4

## Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси

*Секторот за правни работи континуирано преземаше активности за креирање на нормативно правната регулатива на Министерството, при што учествуваше во активности за подготовка на законите, подзаконски прописи и други акти од областа на внатрешните и полициските работи. Во делот на законската регулатива, значајни се активностите кои се спроведуваа во рамки на процесот за усогласување со новиот Закон за прекршоците, за што беа донесени шест закони за измени и дополнувања на постојните закони и тоа: Законот за јавните собири, Законот за патните исправи на граѓаните на Република Македонија, Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиште на граѓаните и Законот за приватно обезбедување.*



*Покрај наведеното, во рамки на процесот за усогласување со Законот за употреба на јазиците, како и Уставниот закон за спроведување на Амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, изготвени се и три предлог – закони за измени и дополнувања кои се наоѓаат во постапка за донесување, а се однесуваат на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за патните исправи и Законот за личната карта.*

Во делот на подзаконски прописи кои произлегуваат од законите што се во надлежност на Министерството, изготвени и донесени се три правилници и тоа: Правилник за техничките спецификации за деактивирање на огнено оружје, формата и содржината на образецот за означување на деактивираното оружје и формата и содржината на образецот на потврдата за деактивирање на огнено оружје, Правилник за куќниот ред на Прифатен центар за странци и Правилник за патни и други исправи на странец. Покрај новите подзаконски прописи, со донесување на соодветен акт извршено е ревидирање на 11 правилници, а исто така ревидирана е и Листата за експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет.

Во делот на интерната регулатива, донесени се седум нови интерни акти, а со измени и дополнувања ревидирани се два интерни акти, меѓу кои се наоѓа и Спогодбата за утврдување Листа на плати за работниците во Министерството за внатрешни работи со статус на овластено службено лице.

> ***Во делот на подзаконската регулатива која произлегува од закони што не се во надлежност на Министерството за внатрешни работи, донесени се 12 нови подзаконски прописи, кои во најголем дел се однесуваат на регулирање на формата, содржината, трошоците и други прашања кои се поврзани со сообраќајните работи, а во истата насока ревидирани три постојни правилници.***

Во рамки на национална правна рамка за уредување на актуелната ситуација со Covid 19, во делот на законите кои се во надлежност на Министерството за внатрешни работи, донесени се пет уредби со законска сила, како и пет други интерни прописи, од кои позначајни се Упатството за начинот на постапување на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија при употреба на огнено оружје и Упатството за начинот на однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, во услови на прогласена вонредна состојба предизвикана од појавата на Covid-19 и препораки со цел спречување на внесување и ширење на вирусот.




Покрај наведените прописи, изготвени се и повеќе инструктивни телеграми заради насочено решавање на интерните прашања, како што е утврдување на работното време, користењето на годишните одмори, ослободување од работни обврски и слично, а исто така континуирано се давани и правни мислења по конкретни законски, подзаконски и интерни прописи.

Во рамки на Одделението за логистика и координација на активностите поврзани со Владата на Република Северна Македонија, изготвени се повеќе информации до Владата и решенија за извршување на законите и решенија за одлучување по одделни прашања. Исто така, дадени се мислења по информации од други органи, како и мислења за склучување на меморандуми и донесување на планови, програми, стратегии, договори и други документи. Во текот на 2020 година донесени се четири договори и пет меморандуми за соработка со надворешни субјекти.

Вработените во Секторот за судски постапки и имотно правна заштита учествуваа и во работата на Комисиите за изрекување дисциплински мерки и материјална одговорност. Беше воведена Предлог - новина во начинот на надоместување на парични побарувања од работен однос, со цел за нивно решавање по пат на медијација, но сепак ваквиот начин на решавање на судските спорови не ги даде очекуваните резултати, поради што процесот беше запрен, а Министерството изготви план и започна со доброволна исплата на паричните побарувања. Во рамки на имотно правната заштита, изготвувани се одлуки за право на користење на недвижни и движни ствари од Министерството за внатрешни работи на други органи на државната управа, а исто така преземени се и активности за запишување на правото на користење во корист на Министерството, како и евидентирање на севкупниот недвижен имот со кој располага Министерството.

***Во делот на судските постапки евидентирани се 2.853 тужбени барања против Министерство за внатрешни работи, од кои 2.652 се по основ надоместоци од работен однос, 84 за поништување на решение за распоредување, осум за поништување на решение за престанок на работен однос, 19 за парична казна, 55 за долг по фактури, 28 за надомест на штета и седум по други основи.***

Во однос на управувањето со човечки ресурси, преку овој Оддел спроведени се постапките за вработување на 12 лица, а склучени се и 69 договори за ангажирање. Во делот на дисциплинската одговорност спроведени се 37 дисциплински постапки, при што престанок на договорот за вработување е изречен во два случаи, а изречени се 15 парични казни. За остварување на правото на пензија по сила на закон донесени се 261 решенија, по други основи за стекнување на право на старосна пензија изготвени се 20 решенија, а законската можност за продолжување на договорот за вработување ја искористиле вкупно 104 работници. За потребите на Министерството спроведени се 39 интерни огласи за распоредување, а изготвени се и 90 решенија за распоредување, 47 наредби за извршување на работи и работни задачи, 310 решенија за користење на платено отсуство, 65 решенија за службено патување во странство, 144 решенија за бонус плата, 23 решенија за парична помош по основ на солидарност, 19 решенија за доделување на јубилејна награда, како и повеќе акти за остварувањето на други права од работен однос, како што се регулирањето на годишниот одмор, бенефициран стаж, службени легитимации итн. Спроведени се и активности за управување со ефектот на работниците, оценувањето, стручното оспособување и усовршување, како и подготовка и донесување на актите кои се поврзани со организацијата и систематизација на работните места.

## 1.5
## Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди континуирано работи на утврдување и документирање на појавите и настаните кои се поврзани со незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на вработените во Министерството, при што истиот постапува по сите претставки, пријави и известувања, како од граѓаните, така и од невладините организации, правните лица, јавните обвинителства и други субјекти, вклучувајќи ги и сите информации и сознанија кои самостојно се прибираат во овој Оддел или доаѓаа од останатите вработени во Министерството.

***Оваа година, Одделот се приклучи кон организациските единици во МВР кои го применуваат стандардот МКС EN ISO 9001:2015, при што се стекна со сертификат за успешно имплементиран систем за менаџмент со квалитет. Во текот на оваа година, целосно дојде до израз и новата законската рамка со која е воспоставената надворешна контрола врз работата на полицијата преку функционирањето на Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во рамки на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Општ е впечатокот дека овој концепт влијае врз свеста и работата на полициските службеници во насока на нивно професионално постапување, а соработката и комуникацијата со предметното Одделение е исклучително добра и без проблеми.***



Одделот преземаше активности и за ажурирање на Планот за имплементација на препораките добиени согласно известувањата на договорните тела за човекови права на ОН, при што во координација со останатите организациски единици обезбедени се повратни информации за напредокот, а ажурираниот План е доставен до Министерството за надворешни работи. Покрај наведеното, постапено е и по прелиминарниот извештај од Комитетот против тортура и нечовечки или понижувачки третман или казнување на Советот на Европа, при што планирано е интензивирање на превентивните активности со посебен акцент на примената на полициските овластувања, како и контрола на квалитетот на извршување во делокругот на надлежностите на организациските единици, со задолжителен увид во евиденциите на полициските станици за приведените, задржаните и лицата лишени од слобода.

***Во 2020 година, Одделот презеде мерки за испитување на вкупно 1.409 (1.371) случаи каде се посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба. Најголемиот дел од испитаните случаи, односно вкупно 960 случаи се предмети во кои е постапувано врз основа на добиени претставки од граѓани и правни лица, а останатите се по добиени известувања, сознанија, e-mail и слично. По земањето во работа и извршената анализа на претставките, може де се констатира дека во 554 (610) случаи наводите се неосновани, за 204 (165) предмети нема доволно докази за да се потврдат или отфрлат наводите, 112 (181) случаи се основани, 67 (48) се делумно основани, а 23 (19) случаи се решени на друг начин (повлечени, нема основ за постапување, не се во надлежност на Одделот или е постапено од друга организациска единица).***

Во врска со утврдените неправилности, од страна на Одделот изречена е задолжителна мерка за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против 388 (334) вработени, при што во текот на постапките на 185 (163) лица им е изречена мерка укажување, на 21 (27) вработен изречена им е мерка за покренување на постапка за надомест на штета (материјална одговорност), на 24 (20) вработени изречена им е задолжителна мерка за оддалечување, односно суспендирање од работно место до завршување на дисциплинската постапката, 52 (44) работници се упатени на психолошко-психијатриски преглед, а на 48 (44) вработени одземено им е службеното оружје.

Оваа година добиени се 30 (49) претставки од Народниот правобранител, при што сите се одговорени, а од невладините организации добиени се 19 (29) писмени реакции, од кои 16 преку Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија и по една претставка преку Коалиција за сексуални и здравствени права на Маргини, Здружението ХОПС - Опции за здрав живот и Европскиот центар за правата на Ромите - Брисел.

Во 2020 година примени се 608 (582) писмени и 232 (252) усно поднесени претставки, како и 259 (125) анонимни поднесоци, додека четири случаи се пријавени преку телефонскиот број 199. Од адвокатите како полномошници на граѓаните поднесени се 72 (66) поднесоци, а 49 претставки се поднесени од правните лица. Покрај ваквите претставки, врз основа на сопствени податоци и сознанија, вклучувајќи ги и барањата на работниците на Министерството, добиени се и 220 (193) службени материјали во кои сè укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од вработени во МВР.

***Во врска со добиените предмети, по извршени проверки од страна на Одделот, доставени се 1238 (1267) одговори и известувања до граѓани, 19 (27) одговори до невладини организации, 111 (90) одговори до правни лица и 84 (109) одговори до адвокати. Претставници од Одделот учествуваа и во 362 расправи кои се поврзани со водењето на дисциплинските постапки.***

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето, од страна на овој Оддел против 29 (10) вработени во МВР поднесени се 19 (7) кривични пријави за сторени 21 (9) кривично дело, од кои седум кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување“, пет кривични дела „малтретирање во вршење на служба“, три кривични дела „предизвикување на општа опасност“ и по едно кривично дело „примање поткуп“, „лажно пријавување на кривично дело“, „насилство“, „мачење и друго сурово и нечовечно или понижувачко постапување и казнување“, „повреда на чување на државната граница“ и „несовесно работење во службата“. Покрај ова, во текот на 2020 година, изготвени се и 189 (166) известувања до Основните јавни обвинителства, од кои 101 (95) се за известување на надлежниот јавен обвинител за негово запознавање и постапување, а 88 (71) известувања се доставени по барање на ОЈО.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше и по 65 поднесоци за употребена физичка сила врз граѓани, при што утврдено е дека 27 поднесоци се неосновани, во 30 (38) случаи поради недостиг на докази не може да се утврдат наводите за употребена физичка сила, два поднесоци се делумно основани, додека шест поднесоци се основани, за што се поднесени шест кривични пријави за сторени пет кривични дела „малтретирање во вршење на служба“ и едно дело „мачење и друго сурово и нечовечно или понижувачко постапување и казнување“.

Оваа година, Одделот излезе на лице место на 52 (55) случени сообраќајни незгоди во кои учествувале возила сопственост на Министерството, при што во однос на истите изречени се задолжителни мерки да бидат поведени 14 (20) постапки за утврдување на материјална одговорност. Одделот продолжи и со вршење на контроли во организациски единици на МВР, при што во случаите каде се утврдени неправилности изрекувани се соодветни задолжителни мерки.

## 1.6

## Оддел за финансиски прашања

***Одделот за финансиски прашања во 2020 година, го спроведуваше финансирањето на Министерството за внатрешни работи, кое се вршеше со средства обезбедени со Буџетот на Северна Македонија и сопствени приходи остварени по основ на продажба на пасоши, обрасци, регистарски таблици, фактурирани услуги и др. Извори на финансирање беа и реализираните приходи од самофинансирачки активности (објектите за исхрана, одмор и рекреација), како и дополнителни извори на средства од донации. Во текот на годината е извршена и изготвена предлог -буџетска пресметка на Министерството за 2021-2023 година.***




Секторот за буџетска координација и контрола, согласно трезорското работење изготви годишни и месечни планови на Буџетот за 2020 година, кои претставуваат рамка за реализирање на одобрените средства од Буџетот и контролен механизам за наменско трошење. Согласно Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси донесено е Решение за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет за 2020 година, кое беше менувано по извршени два Ребаланса на буџетот и по извршени пренамени на средства согласно добиени одобренија од Министерството за финансии. Редовно беше спроведувана контрола на добиените барања за плаќања и за законска реализација на буџетските средства со плаќање на доспеани обврски.

Во Секторот за сметководство попис и плати навремено беа реализирани активности во делот на евиденција на финансиски документи, излезни и влезни фактури, побарувања од комитенти и вработени и друго. Пресметка и исплата на надоместоците на бруто платите за вработените се вршеше навремено, врз основа на месечни планови доставени до Министерството за финансии. По изготвени решенија од надлежни служби за правни работи, реализирана е исплата на бонус плата за 2017 и 2019 година, за вработени кои оствариле над 150 часа прекувремена работа.




***Продолжија активностите за реализација на проектот за преземање податоци за стажот на осигурување и платите (пријави М4) за вработените од МВР од Фонот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија согласно Меморандумот за деловна соработка и при тоа обработени се предмети за 258***

Во делот на материјално сметководство се вршеше навремено и ажурно сметководствено евидентирање на основните средства, оружје и опрема за вооружување, ситен инвентар, залиха на материјали, резервни делови и слично. Во текот на 2020 година продолжија активностите за имплементација и развој на модулот за финансиско и материјално сметководство и модулот за бар кодиран попис во рамките на новото софтверско решение за интегрирано материјално, финансиско, сметководствено и магацинско работење -АССЕКО и за таа цел во рамките на пописот за 2020 година извршено е делумно одбележување на средствата со бар-кодови. Согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015, во Одделот за финансиски прашања, спроведени се интерни проверки од страна на Единицата за управување со квалитет, а од сертификационото тело АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје, спроведена е втора надзорна проверка на системот за менаџмент со квалитет кој се спроведува во Одделот при што немало забелешки или препораки.

Во 2020 година вработените во Одделот за финансиски прашања, активно учествуваа во обуки од областа на финансиското работење со цел унапредување на компетенциите и континуирано усовршување.

## 1.7
## ОДДЕЛ ЗА
## ПРЕКРШОЦИ

***Одделенијата за прекршоци при водење на прекршочната постапка и изрекувањето на прекршочните санкции во 2020 година продолжија со имплементација на одредбите од Законот за прекршоците, Законот за општа управна постапка и другите процесни и материјални прописи кои се во надлежност на комисите. Работните задачи од надлежноста на Одделот за прекршоци се извршуваа во континуитет, а процесот на работата беше детерминиран од приливот на новопримени барања за поведување на прекршочна постапка. Оваа година беше донесена Процедура за контрола и надзор на работата на Одделенијата за прекршоци, кои се во состав на Одделот за прекршоци, а успешно беше завршена и втората надзорна проверка од страна на сертификационо тело.***

Во извештајната година, во Одделот се примени 77.535 прекршочни предмети, односно 24.977 предмети повеќе од 2019 година, а решени се 56.901 предмет. Најголем дел од примените прекршочни предмети во 2020 година се за сторени прекршоци по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата - 161.169, при што решени се 16.534 предмети. По ова следат предметите за сторени прекршоци утврдени со Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширење на заразната болест предизвикана од Covid 19 и заштита на населението за време на вонредна состојба и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести- вкупно 40.497 предмети, од кои решени се 19.420 предмети, како и 15.524 предмети за сторени прекршоци по Законот за возила. од кои се решени 3.076 предмети.

## 1.8

## ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

***Во 2020 година, Центарот за обука, во согласност со планираните активности, а водејќи се од стратешки документи спроведуваше основни и континуирани обуки за потребите на работниците во организациските единици на Министерството и тоа обука на приправници, основна обука за кандидат за полицаец, обука заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место и континуирана обука. Од страна на вработени во Центарот за обука извршени се ревизија, измени и надополнувања на наставните програми со сите потребни задачи за учење и тестови за компетенции, согласно новите законски измени донесени од страна на Министерот за внатрешни работи и директорот на Бирото за јавна безбедност.***

Оваа година Центарот за обука реализираше девет обуки: основна обука за полицаец; обука за ментори; обука за раководни работници – оценувачи; децентрализирани обуки за ментори; обука на обучувачи; обука за ракување со оружје; обука за полициско постапување со припадници на маргинализирани групи; обука за менаџмент за прво – ниско ниво; обука за избори, на кои присуствуваа 9.244 учесници. Заради ново настанатата состојба со корона вирусот COVID 19, основната обука за полицаец беше ставена во мирување во времетраење од три месеци, а по донесени протоколи за спроведување на основната обука за полицаец во услови на присуство на корона вирусот, од 24 август 2020 година обуката продолжи.



Центарот за обука во текот на изминатата година дизајнира **е – курс за Стандардната оперативна процедура за безбедно чување и постапување со вооружувањето во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија**, кој во 2021 година ќе биде поставен на интранет на МВР за сите полициски службеници.

## 1.9
## Оддел за Европска Унија и меѓународна соработка

Секторот за преговори и евроинтеграција континуирано преземаше активности кои се поврзани со евроинтеграциските процеси, вклучувајќи ја подготовката и координацијата на состаноците, информирањето за преземените активности и статусот на реализација на обврските и препораките кои се поврзани со делот на внатрешните работи. Во оваа насока, редовно се доставувани квартални, полугодишни и годишни извештаи до Европската Комисија за напредокот на Северна Македонија во исполнувањето на реформските приоритети, пред се во делот на Поглавјето 24- Правда, слобода и безбедност, но исто така и за други прашања кои се од интерес на Европската Комисија.



Во 2020 година координирани се активностите за учество на 17-тиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Северна Македонија и Европската Унија, во делот на Правда и внатрешни работи, како и подготвување на деталниот извештај за области на внатрешни работи. Координативни активности се преземени и во однос на учеството на 15-тиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи, на кој беа разгледувани преземените активности во областите за азил, миграции, надворешни граници, визи, реформа на полиција, борба против организираниот криминал, борба против дрога и тероризам. Покрај наведеното, извршен е мониторинг на степенот на исполнување на препораките за 2020 година, а координација е спроведена и во однос на одржувањето на Министерскиот Форум за правда и внатрешни работи ЕУ/Западен Балкан, како и останатите активности на Министерството за внатрешни работи во другите поткомитети.

Во 2020 година извршена е детална анализа на степенот на усогласеност на националното законодавство со законодавството на Европската Унија за Поглавје 24, а врз основа на истата иницирани се измени и дополнувања на Кривичниот законик во однос на областите за борба против трговија со луѓе и фалсификување на еврото. Во координација со другите релевантни институции изготвена е Национална програма за усвојување на правото на ЕУ во рамки на Поглавјето 24, во која се дефинирани конкретни активности за надминување на забелешките содржани во Извештајот на Европската Комисија и стратешко определување на обемот и динамиката на усогласувањето. Во врска со оваа програма, Секторот иницираше активности за донесување на нова Резолуција за миграциска политика, а исто така иницирана е и постапката за донесување на нова Стратегија за јакнење на капацитетите за водење на финансиските истраги и конфискација на имот.

Одделението за ИПА извршуваше активности кои се однесуваат на програмирањето, мониторингот, следењето и координацијата на активностите за имплементација на ИПА проектите. Во делот на програмирањето, земено е учество во подгрупата „Внатрешни работи“ за Секторска координација на ЕУ фондови, потоа програмирање за ИПА III програмата, подготовка на Изјавата за гаранција и Листа за проверка на потпишување на Изјавата за гаранција на СПО за 2019 година и подготовка на Изјава за управување и Листа за проверка на потпишување на Изјавата за управување на ИПА Координатор за 2019 година. Во делот на техничка имплементација, остварена е соработка со Делегација на ЕУ за подготовка на тендерска документација во рамките на националната ИПА 2020 година, додека во делот на мониторингот преземени се активности за следење и одобрување на извештаите, верификација на фактури и учество на состаноци на Управни Комитети за вкупно 10 проекти.




***Во 2020 година извршено е ревидирање на Регистарот за ризици за ИПА I и ИПА II програмата, изработени се Табели за следење на ревизорски наоди, квартални извештаи за преземени корективни мерки за ИПА I и ИПА II програмата и Акциски план за планирани корективни активности за надминување на наодите на внатрешната ревизија во насока на верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола во ИПА структурите.***

***Во делот на кварталното известување за утврдени неправилности доставени се четири квартални извештаи за нулта неправилности, а земено е и учество во улога на набљудувачи на ТАИБ - Комитет за следење на проектите од првата компонента на ИПА, ИПА Комитет за следење на проектите од сите компоненти на ИПА и Комитетот за ИПА II програмата за 2014 година.***

Преку Одделението за програми на заедницата преземени се активности за аплицирање во рамките на програмата ХОРИЗОНТ 2020 на Европската Унија, при што аплицирано е на седум проекти, а во соработка со Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа реализирани се и активности за придружно аплицирање на две предлог проектни идеи.

Во делот на меѓународната соработка, одржани се 49 билатерални средби на високо ниво, а склучени се 18 билатерални договори/акти. Во 2020 година продолжија и постапките за склучување на меѓународни договори и акти, а беа отпочнати и нови постапки, пред сè во областа на полициска соработка, илегална миграција, трговија со дрога, заемно признавање на возачки дозволи и меѓусебна соработка во областа на обуки. За таа цел отпочната е иницијатива за заемно признавање на возачките дозволи со Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и за полициска соработка со Покраината Хамбург и Покраината Берлин.

Во делот на мултилатерална соработка, претставниците на Министерството за внатрешни работи континуирано учествуваа на онлајн настаните кои беа организирани од меѓународните организации, а реализирани се повеќе работни средби со физичко присуство на резидентни претставници од меѓународните организации кои делуваат во Северна Македонија. Секторот за меѓународна соработка го координираше процесот на добивање на меѓународни донации и помош за справување со пандемијата, а за времетраењето на забраните за движење, истиот преземаше активности и како контакт точка за координирање на процедурите за издавање на дозволи за движење на дипломатите. Во текот на 2020 година потпишани се седум договори за донација и еден меморандум за соработка, а непречено се одвиваше и спроведувањето на проекти помеѓу МВР и меѓународните организации од областа на внатрешната безбедност.

***При реализација на мерката за спроведување заеднички операции на јужната граница во 2020 година забележано е учество на 872 странски полицајци, во вкупно 46 ротации од Чешка Република, Словачка Република, Унгарија, Република Полска, Република Србија, Република Словенија и Република Хрватска, а постојано присуство имаше и на околу 20 полицајци од Република Австрија.***




Одделението за мултилатерална соработка го координираше изготвувањето на извештај за степенот на спроведеност на Глобалниот компакт за миграции на Обединетите нации, потоа одговорот на Извештајот на Комитетот против тортура, како и други акти и информации кои се поврзани со извршувањето на обврските од меѓународен домен. Оваа година Министерството беше домаќин на Средбата на министри на земјите учеснички во Берлинскиот процес, настан кој поради актуелната состојба со пандемијата беше одржан онлајн, при што истиот беше оценет како одлично организиран и конструктивен од страна на сите учесници.




## II. СОСТОЈБИ СО ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛОТ, ЈАВНИОТ РЕД И МИР, СООБРАЌАЈОТ И ГРАНИЧНАТА БЕЗБЕДНОСТ

## 2. СОСТОЈБИ И ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Состојбите и движењето на криминалитетот бележат значајни промени во текот на 2020 година, при што истите се карактеризираат со намалувачки трендови во повеќе криминални области, со исклучок на областа на економскиот криминал каде согласно официјалната номенклатура се вбројуваат и кривичните дела кои се поврзани со почитувањето на здравствените прописи и спроведување на  мерките за справување со вирусот Covid-19.

На подрачјето на Република Северна Македонија во текот на 2020 година евидентирани се вкупно 25.400  (23.193 ) кривични дела, а материјална штета која е причинета со нивното извршување се проценува во износ од околу 1,7 милијарди денари, што претставува значително намалување во однос на 2019 година кога истата беше проценета во износ од околу 4,2 милијарди денари.

Споредено со 2019 година, вкупниот број на кривични дела бележи зголемување за 9,5% , но клучно е дека истото директно произлегува од промените во областа на економскиот криминалитет, каде овој вид на криминал бележи повеќекратно зголемување кое произлегува од зголемената појава на кривичните дела кои се поврзани со непочитување на здравствените прописи и преземањето на мерките за спречување на пандемијата од Covid 19.

Доколку овие кривични дела ги исклучиме од анализата, евидентно е дека криминалитетот бележи намалување во повеќе области, при што значајно е намалувањето на класичниот криминалитет, кој вообичаено е најзастапен на нашето подрачје. Во 2020 година, во областа на класичниот криминалитет евидентирани се вкупно 19.036 (20.882) кривични дела, што претставува најмал број на кривични дела во последните 15 години.

***Според видовите на криминалитетот, најзастапени се кривичните дела од областа на класичниот криминалитет кои имаат учество од 74,9% во вкупниот криминалитет, а потоа следат кривичните дела од областа на економскиот криминал, кои оваа година претставуваат 21% од вкупниот криминалитет.***




***Графикон бр.5 : Состојби со криминалот по видови***

Според местото на извршување, најголемиот број на кривични дела се регистрирани на подрачје на СВР Скопје, по што следат подрачјата на СВР Битола- СВР Тетово и СВР Штип. Во 2020 година кривично пријавени се вкупно 18.278 (15.087) сторители, со што вкупната ефикасност е зголемена на 58,6%, за разлика од 2019 година кога истата изнесуваше 51%. За одбележување е што постигнатата ефикасност е највисока во последните 10 години.

| кривични дела | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| **СВР СКОПЈЕ** | **11.422** | 10.672 |
| **СВР БИТОЛА** | **2.699** | 2.589 |
| **СВР ВЕЛЕС** | **1.237** | 1.070 |
| **СВР КУМАНОВО** | **1.397** | 1.612 |
| **СВР ОХРИД** | **1.934** | 1.827 |
| **СВР СТРУМИЦА** | **1.903** | 1.175 |
| **СВР ТЕТОВО** | **2.020** | 2.141 |
| **СВР ШТИП** | **2.733** | 2.011 |
| **ОСОСК** | **55** | 96 |
| **ВКУПНО** | **25.400** | 23.193 |

**Табела 1 : Вкупен број на кривични дела по Сектори за внатрешни работи 2020/2019**

| сторители | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| СВР СКОПЈЕ | **5.577** | 3.847 |
| СВР БИТОЛА | **2.298** | 2.034 |
| СВР ВЕЛЕС | **1.032** | 959 |
| СВР КУМАНОВО | **1.182** | 1.460 |
| СВР ОХРИД | **1.662** | 1.587 |
| СВР СТРУМИЦА | **2.067** | 1.170 |
| СВР ТЕТОВО | **2.120** | 2.227 |
| СВР ШТИП | **2.227** | 1.586 |
| ОСОСК | **113** | 217 |
| ВКУПНО | 18.278 | 15.087 |

**Табела 2 : Вкупен број на  сторители по Сектори за внатрешни работи 2020/2019**

| кривични дела од деца | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| СВР СКОПЈЕ | **256** | 201 |
| СВР БИТОЛА | **49** | 29 |
| СВР ВЕЛЕС | **38** | 39 |
| СВР КУМАНОВО | **35** | 52 |
| СВР ОХРИД | **59** | 63 |
| СВР СТРУМИЦА | **223** | 71 |
| СВР ТЕТОВО | **74** | 111 |
| СВР ШТИП | **215** | 126 |
| ОСОСК | **1** | 1 |
| ВКУПНО | 950 | 693 |

**Табела 3 : Вкупен број на кривични дела извршени од деца по Сектори за внатрешни работи 2020/2019**



# 25.400

## кривични дела

**Пораст од 9,5% како резултат на кривичните дела против здравјето на луѓето**

**58,6%**

вкупна ефикасност, највисока во последните 10 години

**Сузбиени 13 ОКГ**

со вкупно 71 физичко и две правни лица

**32.100**

спречени обиди за илегални преминувања

**19.036 дела**

од класичен криминал, најмал број за последните 15 год.

**125**

жртви во сообраќај, најмал број во последните 10 год.

| | |
|---|---|
| дрога | 2,8 |
| синт.таблети | 6.561 |
| Оружје и муниција | 171/7.180 |
| петарди | 21.165 |

недозволена трговија

2.1

## КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА

***Пораст на кривичните дела против државата***

Во 2020 година забележан е пораст на кривичните дела против државата, при што во оваа област евидентирани се седум кривични дела, за разлика од 2019 година кога беа откриени четири кривични дела.

Во однос на видот на кривичните дела нај застапено е кривичното дело „учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации", за што откриени се четири кривични дела, во чии рамки кривично се пријавени четири сторители. Во три од наведените случаи се работи за вклученост во активностите на терористичка организација „Исламска држава" (ИСИС) во Сирија, а во четвртиот случај сторителот имал намера да замине во Сирија за да учествува во терористичката организација „Џабхат ал Нусра".

Останатите три случаи се однесуваат на кривичните дела „повреда на чување на државната граница", „расна и друга дискриминација" и „предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа".

2.2

## *ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ*

- Детектирани и сузбиени се 13 организирани криминални групи, во кои инволвирани се 71 физичко и две правни лица
- исклучително значаен резултат е постигнат со сузбивањето на 11 члена терористичка организација



*Борбата против организираниот криминал и корупцијата, како специфични криминални појави за чие сузбивање се ангажираат повеќе национални и меѓународни институции, претставуваат врвен приоритет и на нашето Министерство. Во оваа насока, мерките и активностите кои се во надлежност на полицијата, континуирано се интензивираат како на стратешко, така и на оперативно и тактичко ниво.*

Согласно номенклатурата за кривични дела кои се однесуваат на организираниот криминал во 2020 година беа откриени 147 кривични дела за што мерки на кривичен прогон се преземени против 215 сторители. Од извршените согледувања, забележано е намалување на откривачката функција за 16% и намалување на сторителите за 30,4%.

### 2.2.1 Организирани криминални групи

Во 2020 година **сузбиени се 13 организирани криминални групи,** во кои биле инволвирани вкупно 71 физички и две правни лица. Од сузбиените групи, шест се од областа на недозволена трговија со дрога, по три од областите на криумчарење мигранти и корупција и една криминална група од областа на тероризмот.

### 2.2.2Недозволена трговија со дрога

| Област на криминал | Организирани криминални групи | | Членови на организирани криминални групи | |
|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2019 | 2020 | 2019 |
| недозволена трговија со дрога | 6 | 6 | 24 | 19 |
| трговија со луѓе и криумчарење мигранти | 3 | 4 | 22 | 43 |
| корупција | 3 | 8 | 14 | 57 |
| тероризам | 1 | | 11 | |
| економски криминал | | 1 | | 3 |
| нт со оружје | | 1 | | 9 |
| криумчарење стоки | | 1 | | 5 |
| вкупно | 13 | 21 | 71 | 136 |

Во областа на **недозволената трговија со дрога** сузбиени се **шест организирани криминални групи во кои членувале 24 лица**, од кои седум се странски државјани - пет на Р.Албанија и двајца на Косово. Четири криминални групи делувале на меѓународно, а две групи делувале на национално ниво. Во рамките на овие реализации беа запленети 61,8 килограми марихуана, четири килограми и 951,7 грама хероин и еден килограм и 3,3 грама кокаин, 900 милилитри хашиш масло, како и два пиштоли и 149 куршуми од различен калибар, парични средства во износ од 400 евра, патнички моторни возила, дигитални ваги, мобилни телефонски апарати.

### 2.2.3 Корупција

Во рамки на активностите за спречување на **корупцијата**, за одбележување е сузбивањето на три организирани криминални групи, за што кривично се пријавени 14 физички и две правни лица, кои причиниле материјална штета од 17,4 милиони денари. Членовите на овие групи сториле кривични дела во делот на злоупотреба на службената положба и овластувања, со што двете од овие криминални групи нанеле штета на Буџетот, а членовите на едната група со злоупотреба на службената положба и овластувања и измама противправно се стекнале со имотна корист на штета на правен субјект.

### 2.2.4 Тероризам

Посебно значајни резултати се постигнати во **областа на тероризмот**, каде е сузбиена 11 члена терористичка организација, а во рамки на случајот запленета е и поголема количина оружје, муниција и експлозив. Организаторот на оваа група создал терористичка-злосторничка организација во која членувале уште 10 лица и сите заедно со свое активно учество формирале терористичка-злосторничка организација „Ќелија“, која била заснована на идеолошките основи на терористичка организација ИСИС-Исламска држава.

За остварување на терористичките цели, членовите на групата преземале повеќе подготвителни дејствија, обезбедувале финансиски средства и набавиле оружје, муниција, воена опрема, изработиле импровизирани експлозивни направи и изведувале пробни испалувања и активирање на направите и оружјето кое што го набавиле. При реализација на случајот, односно при извршен преглед на локација на периферијата од градот Куманово, како и при извршени претреси во дом и други простории кај лицата, пронајдени се поголема количина на оружје, муниција, елеци за бомбаши самоубијци, тактички елеци и друга опрема.




### 2.2.5 Криумчарење мигранти



Сузбиени се три организирани групи кои **криумчареле мигранти**, и во кои делувале вкупно 22 лица. Сите три групи делувале на национално ниво и биле инволвирани во организирање на криумчарење на групи илегални мигранти со потекло од земјите на Блискиот и Средниот Исток, од територија на Р.Грција, низ територијата на Северна Македонија кон Р.Србија, а оттаму кон земјите од ЕУ. Најголемата група била составена од 12 члена, додека останатите две групи биле составени од четири и шест членови.

*Графикон бр.6 Криминални групи-нт со дрога*




*Графикон бр.7 Криминални групи-тероризам*




*Графикон бр.8 Криминални групи-корупција*




*Графикон бр.9 Вкупен број на криминални групи*




*Граф. бр.10 Криминални групи-криумчарење мигранти*




*Графикон бр.11 Вкупен број на членови на ОКГ*



## 2.3 Активности на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал континуирано преземаше активности за меѓу институционална координација и размена на податоци и информации помеѓу сите вклучени институции (Министерството за внатрешни работи, Царинската Управа, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање и Управата за јавни приходи), вклучувајќи ги и потребите кои се поврзани со делот на меѓународната полициска соработка и потребите на останатите организациските единици во Министерството за внатрешни работи.

### *Институционална соработка*

Директниот пристап до базите на податоци, кои се во надлежност на различните институции, овозможи овој Центарот да се етаблира како корисна алатка за меѓунституционална соработка во прибирањето на податоци, размената на информации, докази и координирање на конкретни заеднички постапувања во сузбивањето на организираниот и сериозен криминал на национално ниво. На овој начин, активностите на НКЦСОСК континуирано придонесуваат кон подобрување и забрзување на процесите за прибирање и размена на информациите, како во делот на разузнавачките и оперативните активности, така и во делот на предистражните и истражни постапки, со што се зголемува квалитетот и поткрепувањето на предметите кои се проследуваат до јавното обвинителство.

| Институции | Испратени барања | Разменети информации |
|---|---|---|
| **АНБ** | / | 1 |
| **УФР** | 3 | 25 |
| **ЦУ** | 5 | 4 |
| **УФП** | / | 3 |
| **МВР** | 12 | 15 |
| **Вкупно** | 20 | 48 |

***Во 2020 година НКЦСОСК постапи по вкупно 357 барања, од кои 337 барања се доставени од за дополнителни проверки и постапување. вклучените институции заради проверки во достапните бази на податоци, а 20 барања од страна на НКЦСОСК се испратени до институциите.***

### *Резултати*

Споредбата на статистички податоци за пристигнати барања во 2020 и 2019 година, укажуваат на одржан континуитет на ефикасноста и ефективноста во споделувањето на информации помеѓу сите вклучени институции, со исклучок на Управата за финансиско разузнавање каде е евидентирано значајно намалување.

Оваа година, НКЦСОСК постапуваше по вкупно 15 наредби од Јавните обвинителства, а за одбележување е и отпочнатата соработка со Канцеларија за поврат на имот (АРО) на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

На годишно ниво, во рамки на НКЦСОСК извршени се проверки за вкупно 1242 физички лица, 178 правни лица и 660 возила. Покрај наведеното, во 2020 година разменети се 48 информации помеѓу различните, а изготвени се две анализи кои се доставени за натамошно постапување до надлежни организациони единици во МВР.

***Графикон бр.12 : Пристигнати барања***







***Графикон бр.13 : Извршени проверки***

Зајакнувањето на меѓу институционалната соработка покрај постапувањето по конкретно доставени барања за добивање на податоци, размената на информациите по принципот “потребно е да знае“, изготвување на анализи по конкретни предмети, се одвиваше и во делот на иницирање и одржувањето на координативни состаноци помеѓу различните институции во зависност од надлежноста поврзани со конкретни информации и случаи, како и информирање за преклопување на предмети на работа на две или повеќе институции. Во текот на 2020 година, од страна на овој центар идентификувани се и одредени модуси на вршење на различни кривични дела и нанесување на штета на буџетот на Северна Македонија, а исто така посочени се и недостатоци за постапувањето на институциите, со цел за изнаоѓање на соодветни законски решенија за и унапредување на процедурите за работа.

*Во рамки на активностите за развој на софтверско решение за складирање и обработка на податоци, како и развој на ИТ инфраструктурата, со донација од Мисијата на OSCE во Скопје продолжени или обезбедени се лиценци за работа со IBM i2 iBase Designer и IBM I2 Ibase User Concurrent User License, со што создадени се технички можности за дизајнирање на база на податоци за потребите на НКЦСОСК.*

## 2.4 Корупција

Борбата со корупција е врвен приоритет и на Министерството за внатрешни работи, при што координирано и насочено се интензивираат активностите за поголема ефикасност во овој домен. Во оваа област, во текот на 2020 година сузбиени се три организирани криминални групи, кои причиниле материјална штета од 17,4 милиони денари. Во првиот случај поднесена е кривична пријава против шест физички и едно правно лице, од кои двајца од кривично-пријавени се поранешни министри во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Пријавените, во својство на службени лица, искористувајќи ја службената положба и овластување овозможиле на правниот субјект да се стекне со противправна имотна корист во износ од 12.402.378 денари. Еден од членовите на оваа криминална група, со цел пуштање во промет на противправно стекнатите финансиски средства, бил инволвиран и во перење пари.






*Сузбиена е и криминална група чии членови ја злоупотребиле својата службена положба и овластување од позиција на Претседател на Државна изборна комисија, членови на комисијата и управител и сопственик на правно лице, на начин што во постапка за доделување на Договор за јавна набавка – "Набавка на нови и надградба на постојните софтверски решенија во ДИК", како и при постапка за набавка на три телевизори, кои биле потребни за спроведување на парламентарните избори, постапувајќи спротивно на Законот за јавни набавки, овозможиле на две правни лица да се стекнат со противправна имотна корист во вкупен износ од 1.249.499 денари.*

*Членовите на третата криминална група со измама и злоупотреба на службената положба и овластувања нанеле финансиска штета во вкупен износ од 3.776.666 денари на правен субјект кој доставил групна понуда на Оглас за јавна набавка распишан од страна на Службата за општи и заеднички работи при Владата.*

Покрај сузбивањето на организираните криминални групи, во областа на корупцијата **откриени се вкупно 97 кривични дела**, за што кривично се пријавени 161 сторител, а причинетата материјална штета е проценета во износ од околу 100,2 милиони денари. По вид на кривични дела, во оваа област најбројни се „**злоупотребите на службената положба**" со коруптивни елементи - 70, потоа „**несовесното работење**"-16, **седум кривични дела од класична корупција**, две дела „**поткуп при избори и гласање**" и две дела „**перење пари**" со коруптивен елемент.

**Коруптивните злоупотреби** годинава бележат тренд на намалување од 43,1%, односно откриени се 70 кривични дела, за разлика од 2019 година кога беа откриени 123 кривични дела. Материјалната штета предизвикана со извршување на ова кривично дело изнесува 82,6 милиони денари, односно истата е намалена за 86,8%.

Кривичните дела се извршени со непочитување на законските одредби за постапување, непреземање соодветни законски дејствија во смисла на непостоење на договори за жетва, транспорт, складирање, чување и количина на жетва, не спроведена постапка за присилна наплата, не спроведени постапки за јавни набавки, необезбедување согласност од управен одбор, лажно прикажување на факти, непочитување на одлуки на Владата на Северна Македонија, непочитување на одредби од договор со Европска Агенција за безбедност и храна, злоупотреба на регулативите за работа со дрвна маса, пропуштање на должен надзор, непреземање службени дејствија согласно Закон за инспекциски надзор и друго.

*Во овој дел кривично се пријавени и високи функционери, раководители и носители на јавни функции, меѓу кои има и вработени во Министерството за внатрешни работи. Според бројот на откриени кривични дела, најголем дел од случаите се детектирани во образовниот систем, по што следат случаите со корупција и коруптивни злоупотреби во државните органи и јавните претпријатија.*

Според застапеноста и обемот на предизвиканата материјална штета, помеѓу кривичните дела од областа на корупција, се истакнува и кривичното дело „**несовесно работење во службата**". Годинава, регистрирани се 16 кривични дела извршени од 30 сторители, а предизвиканата материјална штета изнесува околу пет милиони денари.

Во делот на **класичната корупција** карактеристичен е случајот во кој за „примање награда за противзаконито влијание" е пријавен вработен во Оддел за заштита на определени личности и објекти, кој ги пречекорил своите службени овластувања и од оштетеното лице примил парични средства во износ од 2.000 евра со изговор дека ќе влијае врз полициските функционери со цел за запирање на постапките на МВР кои биле поврзани со оштетениот и неговото правно лице.

## 2.5 Перење пари и други приноси од казниво дело

Годинава е регистриран опаѓачки тренд на кривичните дела **„перење пари и други приноси од казниво дело“** компаративно со претходните две години.

Откриени се вкупно девет кривични дела, за што пријавени се 11 сторители. Инаку, две од делата се откриени во рамки на сузбиена криминална група која е пријавена и за коруптивни злоупотреби, за што кривично се пријавени четири сторители и едно правно лице.



Останатите кривични дела се однесуваат на противзаконито постапување при регистрација на моторни возила со злоупотреба на „потврдите за лица“ – повратници од странство издадени од управите служби при Министерството.

Во рамките на овие случаи, сторителите ги извршиле и кривичните дела „фалсификување исправа”, „измама при добивање кредит или друга погодност”, „злоупотреба на службена положба и овластување“, „фалсификување службена исправа“, „несовесно работење во службата“, „фалсификување или уништување на деловни книги“ и „злоупотреба на лични податоци“.

***Графикон бр.14: Кривични дела „перење пари“***




***Графикон бр.15: Сторители на кр.дела „перење пари“***



2.6

# ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЊЕ МИГРАНТИ

*Не се откриени кривични дела „трговија со луѓе“ и „трговија со дете“*

*Пораст за 32,6% на кривичните дела „криумчарење мигранти“*

*Сузбиени три криминални групи*



*Северна Македонија е посветена на успешно спроведување на меѓународните стандарди во делот на трговијата со луѓе (имплементирање на препораките на Советот на Европа во ГРЕТА извештаите за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за акцијата против трговија со луѓе и извештаите за трговија со луѓе на Стејт департментот на САД). Позитивни се и резултатите во областа на идентификација и упатување на жртвите, особено по формирањето на мобилните тимови и Националната единица Task Force, што функционираат исклучиво за сузбивање на овој вид на криминал.*

## 2.6.1 Трговија со луѓе

Во текот на 2020 година, не се откриени кривични дела „трговија со луѓе“ и „трговија со дете“, за разлика од лани кога беа регистрирани пет кривични дела „трговија со дете“. Националната единица Task Force во координација со Министерството за труд и социјална политика идентификуваше шест жртви деца на трговија со луѓе, државјани на Северна Македонија. Истите се експлоатирани сексуално, трудово и преку присилен брак од лица блиски на жртвите (родители, блиски роднини или интимни пријателски врски) и потекнуваат од дисфункционални семејства со недоволно образование или без образование.

### *Контроли во угостителски објекти*

Дел од странските државјанки се со нерегулиран престој и без дозвола за работа, заради што поднесени се барања за поведување прекршочна постапка за сторени 14 прекршоци од Законот за странци, а од страна на судот изречени им се глоби и забрана за влез во државата.

Исто така, преземени се мерки на кривичен прогон против четворица сопственици на угостителски објекти за сторени кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија“ и „спречување службено лице во вршење службено дејствие“.

Исто така, изминатата година спроведени се 24 акциски контроли во угостителски објекти со цел откривање на странски државјанки кои нелегално престојуваат и работаат како танчерки и пејачки. Според местото, 15 од контролите се на подрачјето на Тетово, а девет во Гостивар.

При извршените контроли затекнати се 124 странски државјанки од кои 41 од Србија, 38 од Албанија, 13 од Косово, девет од Украина, по седум од Бугарија, Русија и БиХ и по една од Молдавија и Шведска. Во однос на старосната граница, најголем дел од странските државјанки се на возраст од 20 до 25 години.

**Акциски контроли во УО-странски државјанки**

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| број на акциски контроли | 24 | 45 |
| број на угостителски објекти | 14 | 68 |
| број на странски државјанки | 124 | 204 |

### 2.6.2 Криумчарење на мигранти

Активностите на криминалните групи поврзани со криумчарење на мигранти бележат тренд на зголемување. Откриените случаи на криумчарење мигранти се во пораст за 17,3%, а со тоа зголемени се и преземените мерки на кривичен прогон.

Во текот на 2020 година, откриени се 95 случаи или 14 повеќе од минатата година кога беа откриени 81 случај. Мерки на кривичен прогон се преземени против 91 лице за сторени 65 кривични дела „криумчарење на мигранти“. Во однос на сторителите, најбројни се државјаните на Северна Македонија, а десет се странски државјани (четворица српски, тројца турски, двајца државјани на Гана и еден косовски државјанин).

Со реализираните случаи, спречено е криумчарење на вкупно 2.723 мигранти, чиј број бележи позитивен тренд на зголемување за 78% во споредба со минатата година кога спречени беа 1.529 мигранти. Според структурата, топ три земји кои доминираат се Пакистан со 38% од мигрантите или 1.033, потоа Бангладеш-688 и Авганистан-553, но во помал број присутни се и мигранти по потекло од Сирија-242, Индија-42, Индија-42, Турски Курди-41, Иран-35, по 25 од Египет и од Сомалија, Ирак-21 итн.

***Гледано по месеци, најмногу случаи и мигранти се откриени во текот на јуни и август по 16 случаи, а најмала откривачка активност е забележана во текот на април со оглед на зајакнатите мерки со Covid 19 и во декември кога не се откриени случаи на криумчарење на мигранти.***

***Најголема откривачка функција и ефикасност при расветлувањето има Регионалниот центар „Исток“ со откриени 36 случаи, од нив 26 се расветлени и е постигната ефикасност од 72% што се должи на зголемениот број на мигранти кои илегално влегуваат од Р Грција во близина на планината Беласица. Останатите случаи се откриени од страна на Регионалните центри Југ и Север.***

### *Сузбиени организирани криминални групи*

Детектирани и **сузбиени се три криминални групи** исто како и минатата година, за криумчарење на **275 мигранти од Блискиот Исток**, кои биле пренесувани на територијата на Северна Македонија преку илегални премини во околината на Гевгелија и Дојран, од каде со помош на водичи биле носени на договорени локации и од таму прифаќани со возила и транспортирани до одредени локации во кумановско-липковскиот регион. За ваквите активности, членовите на криминалните групи наплатувале различен паричен надомест по лице. Против 19 лица поднесени се кривични пријави за сторени пет кривични дела **„организирање група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со дете и криумчарење на мигранти“.**

***Граф. бр.16: Откриени случаи, кривични дела и сторители***




***Граф бр.15: Број на криумчарени мигранти***




***Граф.бр.18 Откриени случаи на криумчарење по месеци***




***Граф.бр.19 Криумчарени мигранти по земја на потекло***



## *Модус операнди*

Оваа година забележана е промена во однос на средствата кои се користат за транспорт на мигрантите. За 50% зголемен е бројот на регистрирани случаи на криумчарење на мигранти со товарни возила, при што карактеристичен е трендот на криење на што поголем број на мигранти во возилата -од 93 до 211 лица во возило (голем дел од нив се пронајдени сокриени во приколки, цистерни, миксери и приколки со ладилник, честопати сокриени меѓу легалниот товар). Поради ваквите несоодветни услови и недостиг на кислород, мигрантите меѓу кои голем дел деца, беа принудени да скокаат од возилата, загрозувајќи го на тој начин својот живот.



Во третиот квартал од 2020 година зачестена е појавата на користење на товарните возови како средство за превоз од железничката станица Гевгелија до Скопје или до границата со Р Србија (регистрирани се повеќе случаи во кои мигранти се откриени на самата железничка станица во Гевгелија сокриени во товарни вагони   во групи од 30 до 100 лица).

## *Рута на движење*




*Главна рута за криумчарење на мигрантите е коридорот 10: Гевгелија-Велес–Скопје, при што како патни правци за транспорт на мигрантите и логистичка поддршка се користат Кумановскиот, Струмичкиот и Штипскиот регион, а во последно време, се користи и подрачјето на Свети Николе, како дел од трасата за транспорт на мигранти кон Куманово и Скопје.*

*Нај експониран е Струмичкиот регион, каде организираните групи за криумчарење на мигранти од грчката страна кон нашата граница ги користат рутите преку планината Беласица, а потоа локалните патишта помеѓу селата Банско, Муртино, Робово, Свидовица, Костурино и Куклиш, магистралниот пат Струмица-Радовиш-Штип или Штип-Свети Николе.*

2.7

## НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА

*Исклучителни резултати во сузбивање на недозволена трговија со дрога и оружје*

*Спречени 13 транспорти на дрога, а откриени се четири лаборатории*

*Зголемени заплени на оружје и муниција*

*Криумчарењето акцизни и други видови стока бележи намалување.*



*Министерството за внатрешни работи, посвети исклучително внимание на борбата против недозволената трговија со дрога која е еден од стратешките приоритети на Бирото за јавна безбедност. Преземените плански, интензивни активности за сузбивање на недозволената трговија со дрога на целото подрачје на државата, резултираа со значајно зголемување на бројот на спречени транспорти на дрога, како и запленетите количини дрога. Значајни и за одбележување се податоците кои укажуваат на зголемени заплени на оружје и муниција во 2020 година, наспроти 2019 година.*

## 2.7.1 Недозволена трговија со дрога

Во областа на недозволената трговија со дрога откриени се вкупно 733 кривични дела, од нив 628 кривични дела се "неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги и психотропни супстанции" и 105 кривични дела "овозможување на употреба наркотични дроги". Кривично се пријавени 857 сторители, од кои 24 се странски државјани (15 од Р.Албанија, тројца од Косово и по еден од Р.Турција, Р.Бугарија, Мароко, Руска Федерација, Ерусалим и Шпанија.

***Од вкупниот број на кривични дела 50% открија Секторите за внатрешни работи:***

- ***Скопје,***
- ***Охрид и***
- ***Тетово.***

***Сузбиени 6 ОКГ***
***Спречени 13 транспорти на дрога***
***Откриени 4 лаборатории***



***Сузбиени организирани криминални групи***

*Сузбиени се шест организирани криминални групи, инволвирани во недозволена трговија со кокаин, хероин, марихуана и хашиш. Во овие криминални групи дејствувале 24 членови, од кои 17 државјани на Република Северна Македонија, пет на Р.Албанија и двајца од Косово. Во рамките на овие случаи, спречени* се и *два меѓународни транспорти на дрога и разбиена е организирана мрежа на препродавачи и посредници, инволвирана во дистрибуција на кокаин во повеќе градови низ државата и тоа во Скопје, Куманово, Тетово, Кавадарци и Велес.*

***Оваа година беа регистрирани два случаи на кражба на марихуана од правни лица, чија дејност е одгледување на канабис за медицинска намена и производство на екстракт. Двете кражби се расчистени, за што кривично се пријавени девет сторители.***

Оваа година, спречени се 13 меѓународни транспорти на дрога. Спречен е транспорт на 4.951,7 грама хероин, набавени од Косово со крајна дестинација земјите од Европска Унија, запленети се 1.001 грам кокаин (контролирана пратка на кокаин со потекло од Колумбија, сокриен во контејнер со легална стока -пакети со банани), **девет меѓународни транспорти на марихуана и два транспорти на хашиш**, при што се запленети 466,6 килограми марихуана, 99,4 килограми хашиш и 1800 милилитри хашиш масло, набавени од Р.Албанија, а во два случаи од Косово. Крајна дестинација на запленетата дрога биле Р.Турција и Р.Бугарија.



Откриени се **четири лаборатории** за внатрешно одгледување на растенија канабис и производство на хашиш масло. Две лаборатории се откриени на подрачје на Скопје, во село Булачани и во село Визбегово, една во Штип и една во Пробиштип. Во рамките на овие случаи се запленети **три килограми и 589 грама марихуана**, 28 стебла и 52,68 грама семки од растението “канабис сатива“, 2,8 милилитри хашиш масло.





*Годинава, значително се зголемени запленетите количини на хероин, марихуана, хашиш, хашиш масло, амфетамин и таблети екстази.*

*Во рамките на откриените кривични дела беа запленети: 1.890 килограми и 634,91 грама марихуана, 16 килограми и 501,95 грама хероин, два килограми и 328,72 грама кокаин, 329 стебла и 858 килограми 108,47 грама семки од растението „cannabis sativa“, 114 килограми и 929,13 грама хашиш и 2739,8 милилитри хашиш масло, 6,11 грама и три таблети метамфетамин, 3856,5 грама и 15 таблети амфетамин, 17,97 грама и 6543 таблети екстази и 923 грам мешавина од кофеин и парацетамол. Покрај ова запленети се 688 милилитри метадон, 815 таблети трамадол и 87 таблети бупренорфин.*

Во рамките на криминалистичките истражувања, од областа на недозволена трговија со дрога, остварена е меѓу секторска соработка со Секторите за внатрешни работи и со Царинска Управа на Република Северна Македонија



Во текот на 2020 година, продолжи континуираната меѓународна полициска соработка преку сите канали и тоа: INTERPOL, EUROPOL, SELEC, FRONTEX, и офицери за врска. Во областа на недозволена трговија со дрога при спроведување на криминалистичките истражувања остварена е соработка со Србија, Црна Гора, Бугарија, Унгарија, Австрија, Шведска, Албанија, Турција, Косово, Италија, како и со SELEC центарот. Остварени се работни состаноци со Бугарија, Турција, Црна Гора и Унгарија, на кои биле разменети податоци за лица македонски државјани лишени од слобода во рамки на заплени на дрога во 2020 година.

**Во заеднички меѓународни истраги со службите за борба против дрога реализирани се пет случаи.** При тоа, во Унгарија се запленети пет килограми кокаин, во Австрија се запленети пет килограми хероин, во Србија се запленети седум килограми хероин, во Црна Гора се запленети 12,5 килограми хероин и реализиран е контролиран транспорт на територијата на Италија запленети се над еден тон кокаин, а на територијата на Северна Македонија запленето е еден килограм кокаин. Покрај ова успешна соработка е остварена во делот на меѓународна правна помош помеѓу Јавните обвинителства од Северна Македонија.



*Граф. бр.20: Откриени кр. дела и сторители по СВР*




*Граф бр.21: Кривични дела и сторители по години*




*Граф. бр.22: ОКГ, членови, лаборатории по години*




*Граф бр.23: Заплена на дрога*

| запленета дрога | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| марихуана гр | 1.890.634,91 | 997.210 |
| Хероин гр | 16.501,95 | 736 |
| Кокаин гр | 2.328,72 | 852 |
| Стебла | 329 | 131 |
| Синтетички таблети | 6.561 | 409 |
| хашиш гр | 114.929,13 | 5419 |
| амфетамин гр | 3.856,50 | 968 |
| метамфетамин | 6,11 | 36 |
| хашиш масло (мл) | 2.739,80 | 162 |

### 2.7.2 Недозволена трговија со оружје

Во областа за недозволена трговија со оружје во 2020 година откриени се 148 кривични дела, за што кривично се пријавени 156 сторители.



Во рамки на наведените случаи запленети се 171 парче оружје, односно 10 автоматски пушки, пет полуавтоматски пушки, четири автомати, 63 пиштоли, 10 револвери, два митралези, пушкомитралез, две малокалибарски пушки, 26 ловни пушки, 10 ловни карабини, девет воздушни пушки, осум гасни пиштоли, четири пиштоли за звучна и светлосна сигнализација, војничка пушка, рачно изработена пушка, 14 рачни бомби и една граната.




***Графикон бр.24: Заплени на парчиња оружје, муниција и петарди***

***Граф бр.25: Откриени кривични дела***




*Во 2020 година откриените кривични дела бележат намалување за 14% во однос на претходната година, но сепак значајни и за одбележување се податоците кои укажуваат на зголемени заплени на оружје и муниција во 2020 година, наспроти 2019 година. Во контекст на наведеното, запленитe на оружје се зголемени за 14%, а вкупните заплени на муницијата бележат зголемување од околу 41%.*

*По вид на оружје, доминантни се запленитe на пиштолите, по што следи запленатa на ловните пушки, а карактеристично зголемување има кај бројот на запленети автоматски и полуавтоматски пушки, автомати и митралези.*

*Покрај наведеното запленети се и 7.180 парчиња муниција, 21.165 петарди, 335 светлечки ракети, 66 огномети, три детонаторски каписли, 11 запалки, 2.168 грама барут, 600 грама експлозив, 30 уреди за активирање на експлозив, самострел, електричен парализатор, два пригушувачи и 45 други делови за оружје.*



Откриените кривични дела во најголем дел се карактеризираат со нелегално држење и поседување на едно парче оружје, муниција или експлозивни материјали од страна на поединци кои истото го набавиле за лични потреби или не ја регулирале постапката за наследување и стекнување на дозвола по настаната смрт на легалниот носител на дозволата.

Нелегалното оружје и муницијата, најчесто се откриени и запленети при спроведување на истражните дејствија за претрес на дом, како и контрола и преглед на лица и возила, при што во најголем дел се работи за поединечни случаи во кои е запленето по едно парче оружје и муниција.



*Во 2020 година продолжени се активностите кои произлегуваат од усвоениот Патоказ за сеопфатно спречување, следење и гонење на недозволеното поседување и злоупотреба на огнено оружје во Западен Балкан, како и Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје на Северна Македонија и нејзиниот акциски план.*

*Во оваа насока, а во соработка со Канцеларијата на УНДП во Северна Македонија интензивирани се активностите за спроведување на Проектот за подобрување на националните практики за мало и лесно оружје“, чии резултати се од особена важност за создавање на интегрираната база за оружје и функционалното воспоставување на контакт точките за оружје.*



## 2.7.3 Криумчарење акцизни и други видови стока

Кривичните дела и заплените во оваа област бележат намалување во однос на 2019 година. Намалувањето на динамиката во оваа криминална област во најголем дел произлегува од спроведувањето на мерки за справување со вирусот COVID -19, а особено рестрикциите на движењето и затварањето на границите кое беше воведено во одредени временски интервали на целата територија на Северна Македонија, како и поширокиот регион.

Во областа на криумчарење акцизни и други видови стоки оваа година откриени се вкупно 10 кривични дела, за што мерки на кривичен прогон се преземени против осум сторители, додека три кривични дела се со непознат сторител. Шест кривични дела директно се однесуваат на криумчарење стоки, додека во останатите четири кривични дела се работи за прикривање на криумчарените стоки.

***На граничните премини најчесто се криумчарат цигари, тутун, кафе, добиток, лекови, автоделови, девизни средства, разновидна техничка, текстилна, прехранбена и другиа стока која главно е наменета за широка потрошувачка.***




*Во рамки на откриените кривични дела, запленети се 200 штеки цигари, 415 килограми кафе, 21.600 таблети - додатоци за исхрана, седум грла добиток, разновидна текстилна и трговска стока, половни делови, опрема за возила и сл. Покрај наведеното, еден од случаите за „прикривање стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама“ се однесува на нелегален увоз на патничко моторно возило.*

*Криумчарењето на акцизни и други видови стоки се одвива на сите гранични премини, а откриените случаи не ја отсликуваат реалната состојба, која е пропратена со негативно влијание на економските фактори и висок степен на социјална толеранција.*

## 2.8

# КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛ



- *Намалување на класичниот криминал*
- *Најмал број на убиства во последните 15 години*
- *Намалување на тешките кражби и разбојништвата*
- *Зголемување на ефикасноста за 6,5% во расветлувањето на разбојништвата*

***Кривичните дела од областа на класичниот криминал вообичаено имаат најголем удел во вкупниот криминалитет на подрачјето на Република Северна Македонија, поради што трендовите кои се детектирани во оваа област во голема мера се одразуваат на стапката на движењето на вкупниот криминалитет.***

### 2.8.1.Кривични дела од класичниот криминал

**Класичниот криминал бележи позитивни промени во 2020 година, при што вкупниот број на регистрирани кривични дела е доведен на најниско ниво во однос на последните 15 години.** Оваа година евидентирани се вкупно 19.036 (20.882) кривични дела, со што областа бележи намалување за 8,8 % во однос на 2019 година.

Во делот на расветлувањето постигната е ефикасност од 45,3% и расветлени се вкупно 8.628 кривични дела. Во рамки на откриените случаи кривично се пријавени вкупно 10.683 (12.236) сторители, а расветлени се и 43 кривични дела од претходните години.

Во 2020 година евидентирано е зголемување на кривичните дела кои се извршени од деца, за што евидентирани се 720 (640) кривични дела, кои биле извршени од вкупно 1.053 (1.085) деца.

Најголем број од делата кои се извршени од деца припаѓаат на имотниот криминал-569 (479) дела, а оваа година децата како извршители се јавуваат кај две убиства во обид, 11 тешки телесни повреди и 31 разбојништво.

***По вид на криминал, најзастапени се кривичните дела кои се насочени против имотот, додека кривичните дела кои се насочени против животот и телото имаат учество од само 5% во вкупниот класичен криминал.***

### 2.8.2.Кривични дела против живот и тело

Оваа година **евидентирани се вкупно 945 (937) кривични дела од оваа област**, а во рамки на наведените случаи кривично се пријавени 1.057 (1.033) сторители. Најголем дел од овие кривичните дела се однесуваат на делото „телесна повреда“ - 610 случаи, а овој вид на кривични дела бележи зголемување во однос на 2019 година.

Останатите кривични дела кои се подведени во оваа област бележат намалување во однос на минатата година, при што регистрирани се 145 дела за тешка телесна повреда, 136 загрозувања со опасно орудие при тепачка или караница и девет убиства.

*Кривичните дела кои се насочени против животот и телото имаат учество од само 5% во вкупниот класичен криминал, а нивниот обем останува на речиси идентично ниво како и минатата година, при што од особена важност е намалувањето на бројот на убиствата кои во 2020 година се доведени на најниско ниво во однос на последните 15 години.*

### 2.8.2.1. Убиства

Бројот на убиствата во 2020 година бележи намалување за 59% во однос на минатата година, а истовремено истите се на најниско ниво во однос на последните 15 години. Посебно значење и за одбележување е исклучително високата ефикасност која во 2020 година резултираше со **расветлување на сите случени убиства**, за што кривично се пријавени 16 сторители. Покрај наведеното расветлени се и две убиства од минатата година.



Во однос на местото на извршување, најмногу убиства се извршени на подрачје на СВР Скопје и СВР Битола каде се регистрирани по три случаи, додека останатите три убиства се извршени по едно на подрачје на СВР Велес, СВР Куманово и СВР Тетово.



Три убиства се извршени со пукање од огнено оружје (едно со нелегално оружје), четири со употреба на ладно оружје, а во два случаи со давење. Жртви на овие кривични дела се 10 лица, од кои од пет се од машки, а пет од женски пол. Најстарата жртва е 63-годишна жена, а најмладата е 30 – годишна жена. Во четири случаи убиствата се извршени при семејно насилство, а во еден случај се работи за двојно убиство.

Во овој период карактеристично е расветлувањето убиството кое е поврзано со пријавен настан за „исчезнато лице“, од село Студеничени, каде жртвата била пронајдена во село Долно Дупени, Ресен, а сторителот е откриен и кривично пријавен.

### 2.8.2.2. Самоубиства

*Во текот на 2020 година* ***зголемен е бројот на извршени самоубиства*** *при што регистрирани се* ***144 (99 ) случаи.*** *Најмногу самоубиства се извршени на подрачје на Секторите за внатрешни работи Скопје-55 (24), по што следуваат СВР Штип-28 (21), Битола- 16 (12), Куманово-13 (13), Тетово-9 (7), Струмица-8 (11), Охрид-8 (4) и Велес-7 (7).*

*Според извршените согледувања, самоубиствата во најголем дел се извршени од лица со машки пол, бесењето најчесто се јавува како начин за само одземање на животот, додека причините за самоубиствата во најголем дел се поврзани со здравствената состојба и присутноста на нервните растројства.*

*Граф. бр.26: Кр.дела и сторители класичен криминал*




*Графикон бр.27: Убиства по СВР*







*Графикон бр.28: Начин на извршени убиства*




*Графикон бр.29: Самоубиства по СВР*

## 2.8.3. Кривични дела против имотот

Во 2020 година евидентирани се **13.414** (14.935) кривични дела против имотот, со што истите бележат намалување од 10,2% во однос на минатата година. Намалувањето е најизразено во делот на обичните кражби, но сепак посебна важност имаат и намалувањата кои се постигнати во делот на тешките кражби и разбојништвата.

### 2.8.3.1 Тешки кражби

Тешките кражби имаат најголемо учество (повеќе од 70%) во имотниот криминал, а оваа година истите се **намалени за 2,9%** во споредба со 2019 година. Годинава регистрирани се 8753 (9.011) тешки кражби, а мерки на кривичен прогон се преземени против 2499 (3.050) сторители, од кои **околу 23 % се малолетни лица.** Намалување е евидентирано и во делот на причинетата материјална штета, која оваа година е проценета на 485 (624,1)милиони денари.

Најголем број од тешките кражби се извршени на подрачје на СВР Скопје-5.038, по што следи подрачјето на СВР Битола со 1.191 извршени тешки кражби и СВР Штип со 838 тешки кражби.

Тешките кражби најчесто се вршат во куќи, станови и викендици - 1840 (1.838), по што следат следат моторните возила – 1464 (1.511).

***Графикон бр.30: Тешки кражби по СВР***




*Оваа година расветлени се 3.372 (4.063) дела од имотен криминал, а вкупната ефикасност во оваа област изнесува 25,1%.*




***Во 2020 година регистрирани се 3053 (4.589 ) кражби, со што истите бележат намалување за 33,5 % во однос на 2019 година. Мерки на кривичен прогон се преземени против 807 (1.710) сторители. Во овој период регистрирани се и 321 (369 ) кривични дела одземање на моторно возило, за кои се пријавени 206 (194 ) сторители.***

### 2.8.3.2 Разбојништва



Во рамките на имотните деликти значајни дела се и разбојништвата, кои според начинот и употребата на насилство при нивното извршување се едни од најтешките дела во оваа област. Оваа година бројот на разбојништвата бележи намалување од 18,8% односно извршени се 264 (325) разбојништва, со кои е причинета материјална штета од 208 милиони денари.

Мерки на кривичен прогон се преземени против 170 (206) сторители, а процентот на расветлувањето изнесува 43,5% со што истиот е зголемен во однос на 2019 година кога истиот изнесуваше 37 %.

***Графикон бр.31: Разбојништва по СВР***




Според местото на извршување 76 од разбојништвата се извршени на отворен простор, односно се работи за улични разбојништва, потоа следат разбојништвата извршени во куќи и станови -38 случаи, казина и спортски обложувалници – 30 случаи. Во маркети и продавници се извршени 29 разбојништва, 21 во аптеки, по пет разбојништва се извршени на бензински пумпи и над мигранти, во по четири случаи на банки и во возила и друго. Најголем број од разбојништвата се извршени со употреба на физичка сила.




*Карактеристичен е случајот со расветленото разбојништво во фабриката за производство на медицински Канабис, лоцирана во село Јосифово-Валандово, каде сторителите го совладале обезбедувањето со употреба на физичка сила, лисици за врзување и пластични стеги и одзеле 1.234 килограми-марихуана. Материјална штета само од овој случај изнесува 185,4 милиони денари, со што истата значително влијае на вкупната материјална штета, која за 2020 година изнесува 208 милиони денари и како таква бележи значително зголемување во однос на 2019 година.*

*Во извештајниот период регистрирани се и 49 (43) кривични дела „разбојнички кражби“, за кои се пријавени 34 (33) сторители.*

### 2.8.4. Кривични дела против половата слобода и морал

Кривичните дела од областа на половата слобода и половиот морал, кои во последните години бележеа континуирано намалување, оваа година се зголемени за 30%. Во 2020 година регистрирани се 113 кривични дела, за што се пријавени 107 сторители. Најбројни се кривичните дела „полов напад над дете кое не наполнило 14 години“ кои бележат зголемување од 34,5% и „силување“ кои се зголемени за 8,8%.




**Графикони бр.32/33: Кривични дела**




Најбројни се кривичните дела „полов напад над дете кое не наполнило 14 години“–39 (29) за кои кривично се пријавени 40 сторители, потоа „силување“ – 38 (35), за кои кривично се пријавени 40 сторители. Натаму, според бројноста следат кривичните дела „ задоволување на полови страсти пред друг“-17 (11) дела за кои кривично се пријавени 13 сторители, „прикажување на порнографски материјал на дете 4 (4) за кои кривично се пријавени двајца сторители, „обљуба врз немоќни лице“ се три дела сторени од три сторители и „посредување во вршење на проституција се три дела сторени од двајца сторители.

### 2.8.5. Семејно насилство

*Граф.бр.34: Кривични дела*




Во текот на годината беа регистрирани 992 (989) кривични дела од областа на семејното насилство, за кои се пријавени 1025 (1.013) сторители, од кои 90,7 % се лица од машки пол. Најголем дел од кривичните дела извршени при семејно насилство-59,9% се „телесна повреда“, по што следат „загрозување на сигурноста“ со 33,9%. Извршени се и четири кривични дела „убиство“ при вршење на семејно насилство и тоа: две на подрачје на Сектор за внатрешни работи Скопје и по едно на подрачје на Секторот за внатрешни работи Битола и Велес.

Од вкупниот број на жртви на овие кривични дела -1052, најчесто се жени-79,8%, а во однос на роднинската врска со сторителите, во 38,9% како жртва се појавува сопругата, потоа, 18,6% жртви се родителите и во 8,2 % жртви се деца. Најголем дел или 79,7% од делата се извршени со употреба на физичка сила или закана, потоа со ладно оружје – 5,7%, а во пет случаи со употреба на огнено оружје. Инаку, во 36,5% од случаите, сторителите биле во состојба на растројство, а во 20,6% под дејство на алкохол. Во рамки на семејното насилство во полициските станици се примени 3759 (3.196 ) поплаки, а регистрирани се 486 (470 ) прекршоци.

## 2.8.6. Останати кривични дела од класичен криминал и други безбедносни појави

Кривичните дела против слободите и правата на граѓаните во 2020 година се скоро на идентично ниво споредбено со минатата година, односно евидентирани се 717 (720) кривични дела, а мерки на кривичен прогон се преземени против 721 (700) сторители.

Значајно намалување бележат кривичните дела грабнување - две (15) дела, како и кривичните дела „противправно лишување од слобода"- 18(28) кривични дела. Мотивот за извршување на овие кривични дела најчесто се нерасчистени должничко-доверителски односи и грабнување на лица од женски пол поради прекинати љубовни врски. Во овој период евидентирани се и 10 (14) кривични дела „изнуда" и 22 (19) кривични дела „уцена".

*Најзастапено е кривичното дело „загрозување на сигурноста"–561 (556), од кои 337 дела се извршени во рамките на семејното насилство и тоа со сериозни закани и употреба на физичка сила.*

### 2.8.7.Пожари

Министерството и во 2020 година, континуирано преземаше мерки и активности за превенција и заштита од пожари на шумите, пасиштата и други отворени простори. Бројот на пожарите во текот на годината **е намален за 40,2%, односно оваа година се случени 987 (1.651 ) во кои 16 (10) лица загинале, а шест ( 7 ) се здобиле со телесни повреди.** Најголем број од пожарите се случени на подрачје на СВР Скопје-366, потоа на подрачје на СВР Битола-150, СВР Тетово-131 и на подрачје на СВР Куманово -118.



### 2.8.8.Кривични дела од омраза

Во делот на **криминалот од омраза, забележано е намалување на инкриминациите за 43,1%** во однос на минатата година, при што во 2020 година регистрирани се вкупно 29 кривични дела, за што се поднесени 26 кривични пријави против 30 сторители.

И понатаму продолжува трендот на извршување на делата преку информатички систем – 79,3% од вкупниот број на регистрирани, а истите најчесто се извршени со упатување на закани по животот и телото на оштетените лица, упатување на навреди и омаловажување на национална, верска и етничка основа, при што како жртви се јавуваат носители на јавни функции (Претседател на Северна Македонија, Премиер, Претседател на Собрание, политичари, пратеници, поранешни и сегашни министри и амбасадори, извршители, судство), верска заедница, одреден народ, политичка партија, како и полициски службеници, новинари и други физички лица.

*Според видот, најбројни се кривичните дела се „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем"- 15, потоа „загрозување на сигурноста" - 11 кривични дела и по едно кривично дело „насилство", „оштетување на туѓи предмети" и „предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа".*

# 2.9

# ЕКОНОМСКИ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ




*Пораст на економскиот криминал како резултат на зголемениот број на кривични дела поврзани со мерките за справување со пандемијата*

*Повеќекратно намалување на предизвиканата материјална штета во економскиот криминал*

*Пораст на кривичните дела поврзани со злоупотреба на платежните картички*

*Бројот на кривичните дела од областа на економски криминал во 2020 година бележи повеќекратно зголемување во однос на минатите години, но клучно е дека ваквата состојба директно произлегува од кривичните дела кои се поврзани со преземањето на мерките за справување со вирусот COVID 19, кои по номенклатура се вбројуваат во оваа област. Доколку овие кривични дела ги исклучиме од статистичката анализа, евидентно е дека останатите видови на економски криминал бележат намалување од околу 20% во однос на минатата година, а воедно евидентирано е повеќекратно намалување на вкупната материјалната штета која за 2020 година е проценета во износ од 653,3 милиони денари (2,9 милијарди денари).*

### 2.9.1 Економски криминал



Во областа на економскиот криминал оваа година откриени се вкупно 5.335 (1.050) кривични дела, за што кривично се пријавени 6.387 (1.351) сторители. Според видот на кривичните дела, најзастапено е кривичното дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“-4.440, по што следат кривичните дела „вршење на јавен превоз без поседување лиценца“ 207 (149), „злоупотреба на службената положба и овластување“-152 (207) и „бесправно градење“-71 (113). Исто така, позначајна е и застапеноста на следните кривичните дела: пренесување заразна болест–54, узурпација на недвижности-39 (79), пустошење на шума-30 (44), измама при добивање кредит или друга погодност-24 (63) и несовесно работење во службата-23 (84).

Покрај активностите кои беа приоритетни заради спроведување на мерките за заштита од COVID 19, Министерството интензивно работеше и во делот на криминалистичките истражувања за оваа област, при што посебен акцент беше ставен на злоупотребите на службената положба и несовесно работење во службата, кои вообичаено се специфични во начинот на извршување и често содржат елементи на корупција, поради што за истите се елаборира во делот на корупцијата.

***Графикон бр.35: Економски криминал***




***Граф. бр.36: Топ три кривични дела***




*Во текот на 2020 година откриени се вкупно 152 (207) кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување“, за кои кривично се пријавени **217** (363) **сторители**. Годинава бележиме **намалување од 26,6%** на откривачката функција во однос на лани, а предизвиканата **материјална штета** со извршувањето на овие дела изнесува околу 451,9 милиони денари. Потоа **откриени се 23** (84) **кривични дела „несовесно работење во службата“** за кои кривично се **пријавени 41** (127) **сторител**, што претставува намалување на откривачката функција за 72,6% во однос на минатата година, а причинетата **материјална штета изнесува околу 6,3 милиони денари**.*

Значајни се и постигнатите резултати во делот на сузбивањето на бесправната сеча, односно пустошење на шумите и кражбите на дрва, за што годинава беа откриени 190 кривични дела, во чии рамки кривично се пријавени 236 сторители. Количината на дрвната маса која е предмет на поднесените кривичните пријави изнесува вкупно 3.773,1 $м^3$, а предизвиканата материјална штета е проценета во износ од 26.233.739 денари.



Покрај наведеното, Министерството континуирано презема засилени мерки и за откривање на кривичните дела кои произлегуваат од незаконските постапки за легализација на моторните возила кои се увезуваат од странство, при што годинава се завршени 112 предмети, а кривично се пријавени вкупно 137 сторители.

### *2.9.2. Компјутерски криминал*

Во 2020 година кривичните дела од областа на компјутерскиот криминал бележат намалување од 8,6%, односно **регистрирани се 160 кривични дела**, за кои кривично се пријавени 88 сторители. Со овие кривични дела е причинета материјална штета од 12,6 милиони денари, со што истата е значајно намалена во однос на 2019 година кога била проценета на 42,6 милиони денари.




По вид на криминална активност, најзастапени се кривичните дела кои се извршуваат со злоупотреба на платежните картички, за што оваа година регистрирани се вкупно 103 кривични дела, односно 85 кривични дела **„оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем", а 18** кривични дела **„изработка и употреба на лажна платежна картичка"**. Динамиката на овие кривични дела бележи континуирано зголемување во последните три години, кое е резултат на безготовинското плаќање и растот на плаќањата со платежни картички.

Во однос на **кривичните дела „изработка и употреба на лажна платежна картичка"**, расветлени се седум случаи, за што кривично се пријавени **осум** сторители. Покарактеристичен е случајот во кој двајца романски државјани, во периодот од 2017 година поставиле нелегална опрема на банкомати на комерцијална банка, со која прибавувале податоци од корисници и истите понатаму ги злоупотребувале за изработка на лажни платежни картички, како и случајот во кој преку прибавување на банкарски податоци од платежна картичка од правно лице од Скопје, сторителот извршил 11 успешни трансакции кон странски продажни места.

Министерството континуирано преземаше активности за откривање на злоупотребите на интернетот и социјалните мрежи од аспект на спречување на ширење на лажни вести, говор на омраза , повикување на насилство и слично.
Во овие рамки, особено се акцентирани активностите за **детектирање, следење и расветлување на состојбите и појавите во врска со ширење на расистички и ксенофобичен материјал, при што** откриени се **28** (29) кривични дела „загрозување на сигурноста“ за кои кривично се пријавени 25 сторители и **16** (27) кривични дела „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ со кривично пријавени 16 сторители.



*Во делот на компјутерски измами, годинава бележиме намалување од 75% на кривичните дела. Регистрирани се само три кривични дела, кои се извршени со измама при електронска уплата за изнајмување на стан, подигнати парични средства од кредитни картички на правно лице и со пресретнување на e-mail комуникација помеѓу приватни фирми со цел нивна измама, насочување и плаќање на друга банкарска сметка.*

Широката распространетост и лесниот пристап до интернетот, како и масовното користење на социјалните медиуми, платформи и апликации за онлајн комуникација од страна на младата популација уште од рана возраст, енормно го зголемува ризикот од сексуалната злоупотреба на децата и ширењето на пазарот со детска порнографија. Во 2020 година бројот на кривични дела од областа **на сексуална експлоатација на деца преку интернет е во намалување за 27,3%,** односно регистрирани се **осум** (11) кривични дела, од кои четири дела **„прикажување на порнографски материјал на дете“** при што две се расветлени и кривично се пријавени двајца сторители, потоа две кривични дела „**намамување на обљуба или друго полово дејствие на дете кое не наполнило 14 години“** за кои кривично се пријавени **двајца сторители, како и две дела „производство и дистрибуција на детска порнографија“** извршени од засега непознати сторители. Овој вид на инкриминации најчесто вклучуваат испраќање на фотографии и видеа со компромитирачка и експлицитна порнографска содржина до жртвите, нивно понатамошно ширење, упатување на закани, уцени, телефонски повици, како и праќање пораки со цел заведување на интимна средба на жртвите.

## 2.10

# ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ И СТРАНЦИ

- ***Отворен нов заеднички граничен премин со Република Косово-„Белановце - Станчиќ“***
- ***Пораст за 30,5% на обидите за илегални преминувања, најмногу на граница со Р Грција***
- ***за 60% намален е протокот на патници на граничните премини***
- ***намалени се и прекршочните и кривичните мерки против странските државјани***




*Прекуграничната полициска соработка со соседните земји, се одвиваше во рамки на имплементираните форми на прекугранична соработка содржани во Шенген Каталогот со ЕУ препораки и најдобри пракси (Шенген каталог, IV-ти дел : Полициска соработка), развивање на билатерална и мултилатерална соработка во делот на граничното работење и учество во меѓународни програми, проекти и иницијативи. Приоритет на Министерството за внатрешни работи и во текот на 2020 година е справувањето со илегалната миграција. Големо влијание врз бројот на спречени обиди имаше и новонастанатата состојба со COVID 19, а за спречување на оваа појава беа преземени зајакнати мерки и активности (затварање на границите со соседните земји и на аеродромите за меѓународен сообраќај, ангажирање на војската за обезбедување на границите, прогласување на вонредна состојба во државата, ограничување на времето на движење, спроведување карантин и слично).*

### *2.10.1. Гранични проверки и граничен надзор*

Во текот на 2020 година, граничната полиција идентификува неколку приоритети во работењето:

- справување со COVID 19-имплементација на мерки и одлуки за спречување на ширење на коронавирусот,
- справување со мигрантскиот притисок,
- борба против криумчарење на мигранти и други видови на прекуграничен криминал,
- соработка со Frontex-EBCGA која оваа година беше на многу високо ниво, истата се реализираше по претходно заеднички утврдени активности во различни области на соработка-оперативна соработка, ситуациска свесност и мониторинг, враќање, развој и истражувања и хоризонтални обуки и
- подобрување на прекуграничната полициска соработка со Р Грција.

*Со граничните служби на соседните земји остварени се 817* ***средби и контакти на сите нивоа****, а реализирани се и* ***80 мешани патроли****.*
*Во однос на* ***Заедничките контакт центри*** *за полициска соработка, функционираат со сите соседни земји, освен со Р Грција.*

*Беа разменети вкупно* ***3.595 информации*** *и пораки за рано предупредување со цел заедничка борба против сите форми на организиран прекуграничен криминал.*

Во јануари 2020 година беше отворен и **заедничкиот граничен премин** со Република Косово-**„Белановце-Станчиќ“** наменет за меѓународен патен сообраќај, а потпишани и ратификувани се **договори за отворање на нови гранични премин „Маркова Нога-Мајдан“ кон Република Грција**.

### *Учество во оперативни активности*

Во 2020 година продолжи праксата на учество во меѓународни заеднички оперативни активности во организација на Frontex, но и во оперативни активности чии носители на национално ниво беа други организациони единици (ОСОСК, СМПС) кои беа организирани или поддржани од други агенции и институции (EUROPOL, SELEC).

Појавата на COVID 19 значително влијаеше на учество и спроведување меѓународни заеднички оперативни активности. Иако беа извршени неопходни подготовки за учество во осум заеднички оперативни активности, се реализира една заедничка операција во воздушниот сектор (JO Coordination Points 2020-AIR) и два заеднички оперативни денови (JAD).

***Активно се учествуваше и во меѓународни програми и проекти :***

- Регионална поддршка за заштита – управување со сензитивната миграција во Западен Балкан и Турција, (IPA II 2014-2020, Акција „Миграција и азил, гранично управување и борба против тероризмот и организираниот криминал“),
- Усогласување на националните системи со ЕУ и Шенген стандардите за гранично управување, (Твининг проект, IPA II 2-14-2020, Акција „Миграција и азил, гранично управување и борба против тероризмот и организираниот криминал“),
- Специјална мерка за поддршка на Република Северна Македонија за зајакнување на капацитетите на гранично управување и миграции (IOM Проект, ЕУ Специјална мерка 4) – заклучно со октомври 2020,
- ЕУ за подобрување на капацитетите за управување со границите и миграциите во Република Северна Македонија (IOM Проект, ЕУ Специјална мерка 4) – од ноември 2020,
- Програма за гранична безбедност (DCAF),
- AIRCOP- Заедничка акција на EU и UNODC за промовирање на законот и добро управување преку таргетирани мерки за гранична контрола на пристаништа и аеродроми (UNODC),
- Краткорочна техничка помош за азил, миграција, мобилност на Западен Балкан – StAMM (ICMPD),
- Зајакнување на структурата и капацитетот на агенциите за спроведување на законот за справување со транснационалните закани со посебно внимание за борба против организираниот криминал, вклучително и поддршка на интегрираното управување со границите (OSCE),
- Намалување на ризикот од пролиферација на оружје и муниција (OSCE),
- Превенција и борба против трговија со луѓе во Западен Балкан- PaCT (MARRI), итн

## 2.10.2 Илегална миграција



Изминатата година, обидите за илегални преминувања во Северна Македонија се во пораст споредено со последните три години. **Спречени се 32.100 обиди,** а според местото, над 85% се спречени на влез во државата во најголем дел на границата со Р Грција. Од голема важност е да се истакне дека бројот на откриените мигранти значително е зголемен во текот на зимскиот период (јануари и февруари 2020 година), кога Турција одлучи да ги отвори границите за мигрантите кон Грција. Со донесување на одлуката да се затворат границите поради состојбата со Covid 19 во следните три месеци бројот на спречени обиди почнува да бележи опаѓачка линија особено во текот на април кога е регистриран и најмал број на обиди-516, меѓутоа како што земјите во регионот па и пошироко полека ги олабавуваат рестриктивните мерки, нивниот број повторно се зголемува и продолжува со ист интензитет и во следните месеци, особено во текот на јули кога спречени се над 4.600 мигранти.

### Структура на мигрантите

Топ пет земји на потекло на мигранти се : Авганистан-12.244 и истите се речиси 100% зголемени во однос на минатата година. Во топ пет земји кои се најзастапени се и мигрантите од Пакистан-7.349, Бангладеш-3.746, Сирија-2.683 и лицата без државјанство-1.409.

Оваа година зголемен е бројот и на економски мигранти, особено на лицата кои доаѓаат од Либија, Палестина, Сомалија и Турција чиј број е зголемен за повеќе од три пати во однос на лани, како и на лицата од Египет, Мароко и Еритреја што не беше карактеристично за минатата година.

### Состојби по границии

*Северната граница со Србија се користи за илегален излез од државата и упатување кон европските земји. Во овој дел бројот на обиди е зголемен за 42% во однос на лани. Источната граница со Бугарија бележи пораст како резултат на зголемениот број на откриени случаи на криумчарење на мигранти на подрачјето што го покрива Регионалниот центар Исток. На ова подрачје криумчарите користејќи ги правците преку Валандово, Струмица, Радовиш, Штип , додека најголем дел од обидите и понатаму се регистрирани на границата со Р Грција-27.971, каде е забележан пораст за 27,4% во однос на лани.*

| Состојби по граници | | |
|---|---|---|
| | **2020** | **2019** |
| **Грција** | 27.971 | 21.949 |
| **Албанија** | 110 | 145 |
| **Србија** | 2.994 | 2.106 |
| **Косово** | 39 | 63 |
| **Бугарија** | 986 | 338 |

*Граф. бр.37:Спречени обиди за илегално преминување*




*Граф бр.38:Спречени обиди по месеци*




| Топ пет земји на потекло на илегални мигранти | | |
|---|---|---|
| | **2020** | **2019** |
| **Авганистан** | 12.244 | 6.249 |
| **Пакистан** | 7.349 | 7.820 |
| **Бангладеш** | 3.746 | 2.002 |
| **Сирија** | 2.683 | 1.156 |
| **Индија** | 906 | 1.628 |
| **Лица без државјанство** | 1.409 | 1.248 |

### 2.10.3 Проток на патници на граничните премини

Движењето на патниците на граничните премини во државата оваа година бележи **тренд на намалување за 60%**. Ваквата состојба се должи на преземените зајакнати контроли и затварање на границите со соседните земји согласно одлуката на Владата со цел спречување на појава и ширење на Covid 19.




На граничните премини изминатата година регистрирани се **вкупно 8.608.449 патници**. И понатаму, најголема фреквенција на патници регистрирана е на северната граница со Косово–2,2 милиони патници и Србија-1,8 милиони патници. Најголема раздвиженост на патниците на граничните премини е забележана на почетокот на годината (јануари и февруари) кога се регистрирани околу три милиони патници, по што нивниот број значително се намалува во следните месеци.

| Состојби по граници | | |
|---|---|---|
| | 2020 | 2019 |
| Грција | 1.202.556 | 5.148.368 |
| Албанија | 1.593.627 | 2.881.275 |
| Србија | 1.838.836 | 3.951.742 |
| Косово | 2.248.118 | 4.067.437 |
| Бугарија | 945.589 | 2.839.839 |
| Аеродром Скопје | 707.295 | 2.318.131 |
| Аеродром Охрид | 72.428 | 314.921 |

*Речиси подеднаков е бројот на македонски и странски патници кои оствариле влез/излез на граничните премини-по четири милиони патници.* ***Во однос на земјата од каде потекнуваат странските државјани*** *кои оствариле влез, односно излез* од Северна Македонија изминатата година биле државјаните од соседните земји и тоа албанските-1.177.556 и косовските државјани-1.045.440, но со висока застапеност присутни се и српските-684.860, грчките-485.746 и бугарските државјани-272.231.

*Најголем дел од патниците ги користеле Граничните премини „Блаце“-1.907.657 и „Табановце“-1.820.245, како и Граничниот премин „Ќафасан“-904.005. Во топ пет гранични премини спаѓаат и Граничниот премин „Богородица“–830.471 и Граничниот премин на Меѓународниот аеродром Скопје-707.295, каде оваа година е забележано намалување на фреквенцијата на патници за 70% пред се поради редуцираниот авио сообраќај, зајакнати и детални контроли на граничните премини итн.*

## *Недозволен влез на странски државјани*

**Недозволениот влез на странски државјани** исто така е **намален за повеќе од 36%** во однос на лани. Од страна на службите на граничните премини, по разни основи не е дозволен влез во Северна Македонија на **1.499 странски државјани**, во најголем број на албански-376, потоа, на косовски-282, на турски-234, на кубански-79, германски-75, српски државјани-72 и во помал број други странски државјани.

Анализирајќи ги податоците по граници, може да се констатира дека оваа година во најголем број не им е дозволен влез на странските државјани на граничните премини „Меѓународен Аеродром Скопје“-398, потоа на граничниот премин „Долно Блаце“ на границата со Р Косово-281, на граничниот премин „Ќафасан“ на границата со Р Албанија-204 и на граничниот премин „Табановце“ на границата со Р Србија-202 патници.

## *Недозволен излез на странски државјани*

Во истиот период на граничните премини во државата не им е дозволен **излез** на **225** странски државјани и истите бележат **опаѓачки тренд за 45%** во споредба со минатата година. По државјанство, најбројни се албанските државјани-70, турските-35, косовските-34, српските-15, по девет бугарски и израелски и други. По граници, најголем дел од лицата на кои не им е дозволен излез се на граничните премини на двата аеродроми во државата-112 лица, како и на граничните премини „Блато“ и „Ќафасан“ на границата со Р Албанија-49 итн.

**Најчести причини за недозволен влез се :**

- претставува опасност за јавното здравје
- не приложување документи за целта на престојот
- не поседување важечка виза за влез во Северна Македонија
- немање важечка патна исправа
- има забрана за влез во Северна Македонија

**Најчести причини за недозволен излез се:**

- **пречекорен престој**
- **не поседување виза за трета земја**
- **користи фалсификувана патна исправа**
- **сторител на кривично дело или прекршок**

### *2.10.4 Престој на странски државјани по разни основи*

Во однос на **привремениот престој на странските** државјани карактеристично е што издадените дозволи оваа година и покрај состојбата со Ковид 19 се незначително намалени.

Издадени се дозволи за привремен престој на **3.141** (3.454) **странски државјани,** најчесто **по основ на работа-1.153,** потоа член на потесно семејство на државјанин на Р Северна Македонија-844 кои оваа година се зголемени за повеќе од 26% и по основ на школување или студирање-522, а со оглед на новонастанатата состојба и донесените мерки на Владата за следење на on-line настава, бројот на дозволите по овој основ е намален за 53% во однос на лани. За одбележување е дека оваа година значително е зголемен и бројот на издадени дозволи по основ на волонтирање-116.

Анализирајќи ги податоците по државјанство, на турските државјани им се издадени најголем број на дозволи-901, најчесто заради работа-482, школување или студирање-270 и поради семејно обединување-93. Во топ три држави спаѓаат и албанските и косовските државјани, на кои најмногу дозволи за привремен престој им се издадени поради член на потесно семејство, работа и семејно обединување.

Во однос на **дозволите за постојан престој во Северна Македонија,** во текот на 2020 година издадени се вкупно **37 дозволи (најмногу за работа-18),** а според структура, доминираат српските државјани десет, косовските-пет и по четири турски државјани и лица без државјанство. Инаку, во нашата држава во текот на 2020 година, до три месеци привремено престојувале **83.873 странски државјани или за 82% помалку** од минатата година. Од нив најчесто како туристи престојувале-50.553 странски државјани, во приватни посети-31.279 и од деловни причини-1.034 лица. Според државјанството, доминираат албанските државјани-11.262, српските-9.337, германските-8.819 и грчките државјани-7.778.

## *2.10.5 Преземени прекршочни и кривични мерки*

И **во делот на преземените мерки против странските државјани** поради незаконски активности извршени при нивниот престој во Северна Македонија **бележиме намалување за околу 30%**. Во рамките на овие мерки поднесени се 230 кривични пријави, против 269 странски државјани за сторени 249 кривични дела. И оваа година како и претходната, како сторители на кривичните дела доминираа **државјаните на Р.Албанија-83**, турските државјани-67, косовските-34 и српските државјани.

***Графикон бр.39 : Топ пет кривични дела***




Во делот на прекршоците, истите се намалени за 48,3% споредено со минатата година. Поднесени се 653 (1.263) прекршочни пријави против странски државјани, од нив топ пет земји чии државјани извршиле најмногу прекршоци се албанските државјани-180, потоа од турските-133, косовските-94, српските-76, државјаните на Куба-15 . Според законските основ, најголем дел од прекршоците се извршени по **Законот за странци-438,** од нив половина се поради незаконски и пречекорен престој, додека 129 се поради сторени прекршоци од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата кои оваа година бележат намалување за 50% во однос на лани, 43 се прекршоци од Законот за гранична контрола, 40 се прекршоци од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, а три се од други закони.

Најзастапени кривични дела извршени од странски државјани се „фалсификување исправа“-71, „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“-57, „загрозување на безбедноста во сообраќајот“-22, „неовластено производство наркотична дрога, психотропни супстанции и прекурсори“-21 и „тешка кражба“-18.

| Топ пет земји на кои им се издадени дозволи за привремен престој во РСМ во 2020 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | работа | школување/ студирање | член на потесно семејство на државјанин на РСМ | семејно обединување |
| **Турција** | 482 | 270 | 27 | 93 |
| **Албанија** | 183 | 73 | 120 | 91 |
| **Косово** | 92 | 17 | 317 | 33 |
| **Србија** | 85 | 44 | 180 | 37 |
| **Шри Ланка** | 25 | 24 | - | 24 |

| Престој во Северна Македонија до три месеци по разни основи | | |
|---|---|---|
| | **2020** | **2019** |
| **Туристички престој** | 50.553 | 313.771 |
| **Приватни посети** | 31.279 | 147.276 |
| **Деловни посети** | 1.034 | 3.453 |
| **Курсеви, студирање итн.** | 44 | - |
| **Останати причини** | 963 | 5.042 |
| **Вкупно:** | 83.873 | 469.542 |

| Преземени мерки на кривичен прогон | | |
|---|---|---|
| | **2020** | **2019** |
| **Кривични дела** | 249 | 349 |
| **Сторители** | 269 | 365 |
| **Кривични пријави** | 230 | 320 |

| Топ пет земји со најмногу извршени прекршоци | | |
|---|---|---|
| | **2020** | **2019** |
| **Албанија** | 180 | 317 |
| **Турција** | 133 | 164 |
| **Косово** | 94 | 137 |
| **Србија** | 76 | 130 |
| **Куба** | 15 | 69 |

## 2.10.6 Барања за азил

Новонастанатата состојба со Covid 19 влијаеше во март 2020 година, Секторот за азил да започне првичните разговори и интервјуата во однос на поднесеното барање за признавање право на азил со барателите на азил да ги спроведува преку on-line платформата. Ваквата активност придонесе да не се доцни во донесување на одлуките во однос на поднесените барања.

***Граф. Бр.40: Број на баратели на азил***




Република Северна Македонија, згрижува вкупно 12 лица со статус бегалец (сите од Косово), а истовремено згрижува и 163 лица со статус на супсидијарна заштита, од кои 153 лица кои престојуваат по овој основ се од Косовската криза во 1999 година, 4 од Сирија, 1 Пакистан, 3 од Конго и 2 од Авганистан. Секторот за азил на едно лице од Авганистан му донесе решение со кое му призна статус на супсидијарна заштита.

***Граф. Бр.41: Топ пет баратели на азил***




*Во текот на 2020 година, тренд на намалување бележи бројот на лицата кои поднеле **барања за признавање право на азил**. Во Секторот за азил примени се барања за признавање право на азил од страна на 211 лица, за разлика од минатата година кога беа доставени барања за азил од страна на 490 лица. Од вкупниот број на баратели, 180 се полнолетни лица, а 31 се малолетни (од нив 19 се деца без придружба, а 12 се деца кои се придружувани од членови во семејство), а во однос на полот, 182 се од машки, а 29 лица од женски пол. Според структурата, најзастапени се баратели од Авганистан-47, потоа Пакистан-33, Турција-26, Сирија-23, Куба-20, Мароко-15, Бангладеш-14 итн.*

## 2.11

# СОСТОЈБИ СО ЈАВЕН РЕД И МИР




- ***спроведени фер и демократски „Предвремени парламентарни избори 2020“ и избори за градоначалници на општините Штип и Пласница***
- ***намалување на прекршоците против ЈРМ***

- ***нападите над овластени службени лица се незначително зголемени***

*Јавниот ред и мир изминатата година беше без значајни нарушувања или настани кои би ја загрозиле безбедноста. Ресурсите на полицијата беа насочени кон обезбедување на кампањите и спроведување на фер и демократски предвремени Парламентарни избори, но истовремено и кон спречување на нарушувања на јавниот ред и мир од страна на поединци или организирани групи. Поради новонастанатата состојба, од средината на март ресурсите беа насочени кон преземање низа мерки и активности за справување со Covid 19 (обезбедување на објектите одредени за државен карантин, спроведување патроли за време додека траеше забраната за движење и санкционирање на лицата кои не ги почитуваат мерките за сузбивање на оваа појава).*

### *2.11.1. Предвремени Парламентарни избори*

Преземени се активности за безбедно одвивање на целокупниот изборен процес при спроведување на фер и демократски „Предвремени парламентарни избори 2020“, кои се одржаа во текот на јули 2020 година. Резултат на ваквите активности е дека изборниот процес помина во мирна атмосфера, без регистрирани нарушувања на јавниот ред и мир, ниту сериозни безбедносни настани.

Во текот на декември 2020 година, ресурсите беа насочени кон обезбедување на фер и демократски избори за градоначалници на општините Штип и Пласница, кои поминаа без регистрирани сериозни безбедносни настани. На денот на гласањето регистрирани се шест настани, сите на подрачје на ПС ОН Штип, од кои два се потврдени, три отфрлени, а за еден во тек се мерките и тоа: два настани за гласање на лица кои се позитивни на „Ковид-19“, пријава за неприсуство на полициски службеници на гласачки места, пријава за недозволување на гласање и давање поткуп и пријава за загрозување на здравјето на комисијата од страна на гласач.

*Поднесени се две кривични пријави за сторени кривични дела „поткуп при избори и гласање“ и „спречување на избори и гласање“; 14 известувања до надлежното Јавно обвинителство, а констатирани се и 11 прекршоци по ЗППЈРМ и од Изборниот законик.*

### *2.11.2. Прекршоци против јавен ред и мир*

Статистичките податоци укажуваат намалување за 12% на прекршоците против јавниот ред и мир споредено со минатата година. Регистрирани се **6.96 прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка**, или околу 1.000 прекршоци помалку од минатата година.

Според географската рамка, најголем дел од нив се извршени на подрачје на СВР Скопје-2.632, на второ место е СВР Штип со извршени 930 прекршоци и СВР Куманово со 772 прекршоци каде прекршоците се зголемени за 26%, додека најповолна состојба е забележана на подрачјето на СВР Струмица каде се регистрирани само 451 прекршоци и намалување за 38% во однос на



Топ пет прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка се „физички напад“-1.990 прекршок, „карање, викање, непристојно и дрско однесување“-1.030, „учество во тепачка“-914, „оддавање на пијанство на јавно место“-580 и „омаловажување на полициски службеници и други службени лица“-534 прекршоци. Најголемо отстапување е забележано кај физичките напади кои бележат опаѓачки тренд за повеќе од 20% во однос на лани, а намалување бележи и прекршокот „учество во тепачки“ за 16%.







Во однос на местото, околу 5.500 прекршоци се извршени во градска средина, од нив повеќе од половина се на улица, плоштад и други места од отворен тип. Намалување за 43% бележат прекршоците во угостителски објекти како резултат на донесените мерки за затварање на угостителските објекти со цел превенирање и спречување на ширење на Ковид19, а намалени се и прекршоците во приватни станови. Модусот на извршување на прекршоците е ист како и претходните години, речиси 5.400 прекршоци се извршени поединечно, 500 прекршоци се извршени од група од три или повеќе лица, а останатите од две лица.

*Опаѓачки тренд за 12% бележи и бројот на сторителите. Регистрирани се 9.441 лице или најмал број во последните две години, од нив 99,5% се државјани на Северна Македонија, а останатите се странски државјани, чиј број во споредба со лани е намален за 78%. Според работниот статус, најбројни се невработените лица-4.591, потоа лицата кои се занимаваат со земјоделство или занаетчиство-2.992, а оваа година намален е и бројот на сторители-ученици, студенти за 40%. Во однос на половата структура, 977 лица се од женски пол, а останатите од машки пол, а според старосната структура доминираат лицата во категорија на возраст над 25 години- 7.280 лица или 77% од вкупниот број.*

### *2.11.3 Насилничко однесување меѓу ученици*

Насилствата меѓу учениците изминатата година бележат опаѓачки тренд за над 80%. Влијание врз ваквата состојба имаа преземените мерки и одлуки на надлежните институции за справување со Covid 19 со кои воспитно образовниот процес во детските градинки, основните, средните училишта и факултетите беше прекинат од 10 март 2020 година, а одложен беше и почетокот на новата учебна година со цел подготвување на дел од учениците за следење на on-line настава и донесување на нови законски мерки за скратување на наставната програма (наместо на 01 септември, истиот започна на 01 октомври 2020 година).






Така, од почетокот на годината до 15 март 2020 година, до донесување на мерката учениците од дома да ја следат наставата, регистрирани се 20 настани на насилничко однесување меѓу учениците, од кои поголемиот дел се во основните училишта-12. По месеци, најмногу настани на насилно однесување се регистрирани во текот на февруари-10, март-шест и јануари-четири, а во однос на временскиот период за време на одржување на часови во првата смена во периодот од 09,00 до 10,30 часот, а кога учениците се на настава втора смена-во времето од 13,30 до 15,40 часот.

Според местото, СВР Тетово е подрачје со најмногу регистрирани настани-девет. Еден од настаните на ова подрачје е на меѓунационална основа меѓу ученици од основното училиште „Лирија“ во Тетово, а мотивот на нарушувањето е без повод и причина. Настанот е расветлен, а против пет ученици поднесена е кривична пријава за кривично дело „насилство“. Шест настани се на подрачје на СВР Скопје, три на подрачје на СВР Велес и по еден настан е регистриран на подрачјата на СВР Битола и СВР Штип.




Модусот што го користат при насилствата најчесто е со употреба на физичка сила-во 16 настани, а во по еден случај, при тепачка употребени се остри и тврди предмети и вербални закани. Учесниците најчесто делувале во група составена од пет или повеќе лица, а мотивот за насилното однесување и физички пресметки е непознат или е без повод и причина, додека мал дел од нив се поради претходна расправија и/или меѓусебно недоразбирање. Од ваквото насилничко однесување на учениците, повредени се 12 ученици.

### *2.11.4 Насилство на спортски натпревари*

Мерките поврзани со справување и сузбивање на ширење на Covid 19 имаа влијание и врз одржувањето на спортските натпревари. Имено, една од одлуките на Владата на Северна Македонија беше и забрана за одржување спортски натпревари во колективни спортови и забрана за присуство на гледачи (публика) на сите спортски натпревари. Ваквите мерки придонесоа насилствата да се намалат за повеќе од 66% споредено со минатата година.




Регистрирани се шест нарушувања од поголем обем на спортски натпревари за разлика од лани кога беа регистрирани 18 настани. Според видот, три се на кошаркарски натпревари на подрачје на СВР Скопје (еден е меѓународен натпревар), два на фудбалски а еден на ракометен натпревар. Карактеристично е тоа што едно од нарушувањата е за време на одржување на натпревар од женската фудбалска лига на подрачје на СВР Струмица.




За одбележување и одржувањето на фудбалскиот полуфинален натпревар помеѓу репрезентациите на Република Северна Македонија и Република Косово во рамки на фудбалската „Лига на нации“ за пласман на Европското фудбалско првенство 2020, кој помина без регистрирани нарушувања на јавниот ред и мир.

*Во однос на подрачјето каде се извршени нарушувањата, три се на подрачје на СВР Скопје, а по едно во Куманово, Радовиш и Велес. Што се однесува до модусот, нарушувањата во најголем дел се вршени во група од три лица, со фрлање и палење на пиротехнички средства, фрлање на тврди предмети на теренот, а во еден случај од страна на гледачите недозволено е влезено на теренот и омаловажувани судии.*

*Од страна на Министерството за внатрешни работи по преземени мерки, на четири правни и одговорни лица во правните лица, како и на две физички лица им се издадени платни налози за наплата на глоба за сторени прекршоци по член 3, 5 и 7 од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари.*

## 2.11.5. Напади врз овластени службени лица

Незначително зголемување бележат кривичните дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедност“. Регистрирани се 156 кривични дела за разлика од минатата година кога беа регистрирани 144 кривични дела, а за ваквите криминални активности пријавени се 195 лица, чиј број е зголемен за речиси 20% во однос на лани. .

Во 83% од случаите се работи за поединечни напади, извршени во градска средина, најчесто на отворен простор (улица или плоштад), а мал дел од нив се во приватни станови и угостителски објекти. Оваа година карактеристично е што 61 настан од пријавените напади се извршени при воспоставување на нарушен јавен ред и мир и регулирање и контрола на патниот сообраќај.






Оваа година регистрирана е **и употреба на огнено оружје** на подрачје на СВР Велес во близина на гробиштата во склоп на црквата „Свети Спас“ во Велес, каде три лица физички нападнале двајца полициски службеници, а потоа едно од лицата одзел службен пиштол и повредил еден од полициските службеници. За ваквите дејствија против лицата преземени се мерки на кривичен прогон за кривично дело „убиство во обид“, „помагање“ и „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста“.

Како покарактеристични настани кои ја одбележаа 2020 година се и настаните случени во текот на септември на подрачјата на Прилеп и Битола во кои поголеми групи граѓани агресивно се однесувале, физички нападнале полициски службеници, а во еден од случаите со тврди предмети оштетиле и службено возило, заради што се испукани неколку куршуми во воздух во знак на предупредување.

*Најголем дел од нападите се извршени на подрачје на СВР Скопје-37, а со висок процент се застапени и на подрачјето на СВР Штип-27, СВР Тетово-18 и по 17 напади на подрачјата на СВР Битола и СВР Куманово.*



## 2.11.6 Примена на полициски овластувања

Полициските овластувања и во текот на оваа година, се преземаа во насока на заштита на основните слободи и права на граѓаните, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за откривање на сторителите, како и одржување на јавниот ред и мир во земјата.

Примената на полициските овластувањата кои се однесуваат на **утврдување на идентитет на лица- 115.590,** приведени-5.775 лица, предупредени-29.813 и задржани-4.502 лица по разни основи, бележат зголемување.

Во текот на годината привремено се одземени 8.491 предмети, а извршени се 291 прегледи или претреси на определени објекти или простории од кои најголемиот дел-143, се заради обезбедување на докази за успешно водење на кривична постапка.




## 2.11.7 Употреба на средства за присилба

**Употребата на средства за присилба** бележи зголемување за 10% во однос на истиот период минатата година, односно при вршење на службените задачи во 1.024 (931) случаи се употребени средства за присилба.

Средства за врзување се употребени во 814 случаи, во 204 случаи физичка сила и **во три случаи употребена е полициска палка, а** по извршеното оценување на преземените мерки во сите случаи употребата на средствата за присилба била оправдана.

При употребата на средствата за присилба повредени се 72 лица, од кои при употребата на физичка сила – седум лица, средства за врзување - 63 лица и при употреба на полициска палка - две лица.

## 2.12

# БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

- ***случени се над седум илјади незгоди на патиштата низ државата***
- ***најмал број на жртви во сообраќајот во последните 10 години***
- ***регистрирани околу 113 илјади прекршоци во сообраќајот***




*Еден од важните приоритети во работењето на Министерството за внатрешни работи е обезбедување на нормален и безбеден сообраќај на патиштата. Преземени се низа активности во сите негови сегменти, од нормативно уредување и доследно спроведување на законските прописи, па до реализација на проекти и активности во делот на превенцијата.*

Во рамки на сообраќајната превенција, Министерството за внатрешни работи во соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата учествуваше во спроведување на следните кампањи и проекти: „Стави Појас“, „Европска недела на мобилност 2020“, „Безбедно возење со трактор“, “Летна Кампања -2020“, Кампања за одбележување на Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди, „Зимска кампања“ итн.



Заради реализирање на активностите во рамки на Проектот “Мобилен систем за снимање со камери“ во текот на 2020 година, од страна на ИЦИТАП-Амбасадата на САД во Северна Македонија беа донирани 148 комплети камери и опрема, кои беа доделени на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Тетово, Куманово и Охрид, на чии подрачја активностите започнаа да се имплементираат во текот на септември и декември 2020 година, а се преземаат мерки и активности за проширување и на подрачје на другите организациони единици за контрола и регулирање на сообраќајот при Секторите за внатрешни работи.

## *2.12.1 Сообраќајни незгоди*

Вк упниот број на сообраќајни незгоди бележи опаѓачки

тренд за 12,4% споредено со

м инатата година.

Н а патиштата низ државата, во текот на 2020 година случени се вкупно **7.215 сообраќајни не згоди, од нив 3.519 се незгоди со материјална штета, а останатите 3.696 се незгоди со потешки последици.** Притоа 115 се незгоди со загинати лица, 705 се незгоди со тешки телесни повреди, а 2.876 се незгоди со повредени лица. При случените незгоди, причинета е материјална штета која се проценува на износ од 511.547.296 денари.



Статистичките податоци укажуваат дека сообраќајните незгоди со потешки последици, во најголем дел се **случуваат на подрачје на СВР Скопје-1.571, каде истите бележат тренд на зголемување за над 50%** во однос на лани, но и на подрачјето на СВР Тетово-398 и СВР Битола-369 незгоди. Најмал број на незгоди се случени на подрачјата на СВР Куманово-249 и СВР Велес-244.
Следејќи го трендот на случување на незгодите по месеци, може да се забележи дека 50% од вкупниот број на незгоди се случиле **во периодот од јуни до октомври, особено во јули-412 незгоди.**




Според временската рамка, 44% од незгодите се случиле во **пладневните часови** во периодот од 12,00 до 18,00 часот-**1.623**, додека најмал број на незгоди или 190 се регистрирани во периодот од 02,00 до 06,00 часот. Критичен ден во неделата кога се случуваат и најголем дел од сообраќајните незгоди е **вторник- со 581 незгода,** додека најмалку незгоди се случиле во сабота-472.

## 2.12.2 Настрадани лица




И бројот на настраданите лица во сообраќајните незгоди **бележи тренд на зголемување за 11%.** Ваквата состојба пред се, се должи на зголемувањето на бројот на повредените лица, особено на лицата кои биле лесно повредени во незгодите, додека за одбележување е дека за 5,3% е намален бројот на загинатите лица во однос на лани.

*Според статистичките показатели, изминатата година, настрадале вкупно 5.866 лица или 570 лица повеќе компаративно со минатата година кога настрадале вкупно 5.296 лица. Од нив, 5.741 (5.164) лица биле повредени (801 со тешки телесни и 4.940 со лесни повреди), додека животот го загубиле 125 (132) учесници во сообраќајот.*

*Според категоријата на учесници, најголем број од настраданите лица се возачи-2.931, потоа патници и сопатници-2.195, 644 се пешаци и 96 се останати учесници.*

### 2.12.3 Загинати лица

Што се однесува до загинатите лица, нивниот број бележи **позитивен тренд на намалување**. Оваа година регистриран е **најмалиот број на жртви во сообраќајот во последните десет години.** Анализирајќи ги податоците според местото на случување на сообраќајните незгоди со загинати лица, може да се констатира дека на територијата на Република Северна Македонија просечно се случуваат по околу 5,7 незгоди на 100.000 жители, во кои околу шест лица ги губат животите.




Најмногу жртви има во текот на летните месеци јули-17 и август-19, а карактеристично е што изминатата година случени се шест незгоди во кои животот го загубиле повеќе лица.

Според категоријата на учесници, најголем број од загинатите лица се возачи на патнички моторни возила-34 и сопатници-26. Зголемување за два пати бележи бројот на загинати мотоциклисти и велосипедисти, додека бројот на загинати пешаци е намален за повеќе од 40%. Во однос на возраста, најголем дел од загинате лица се на возраст од 41 до 64 *години-41 лице.*




*Подрачје со најголем број загинати лица е Скопје-28. На ова подрачје забележано е значително намалување на загинатите лица (намалувањето е како резултат на случената незгода во текот на 2019 година во близина на селото Ласкарци кога загинаа 15 лица), а пораст за два пати е забележан на подрачјето на СВР Струмица-19, а лани 8, како и на подрачјата на СВР Велес и СВР Битола, а најмал број на загинати лица се на подрачјата на СВР Охрид и Куманово-11. Критични места каде загинале најмногу човечки животи се магистралните патишта Струмица-Радовиш, Куманово-Крива Паланка, новиот магистрален пат Миладиновци-Штип, наплатната рампа Миладиновци, регионалниот пат Битола-Ресен, наплатна рампа и железничка станица Градско, патот кон Делчево (Македонска Каменица-Делчево и Делчево-Кочани). Во градска средина пак најголем дел од жртвите се на булеварите Србија и Христијан Тодоровски Карпош во Скопје.*

### 2.12.4 Превентивно-репресивни мерки



Во насока на подобрување на безбедноста на сообраќајот континуирано се преземаа зајакнати мерки, со цел санкционирање на недисциплинираното однесување на учесниците во сообраќајот и превенирање што помалку човечки животи да гинат на патиштата во државата.

Во текот на 2020 година од планираните 39 контроли, реализирани се 20 акциски контроли, најмногу за управување на моторно возило под дејство на алкохол, дрога и други психотропни сусптанции-шест и управување на моторно возило со брзина поголема од пропишаната –четири акциски контроли.




Во рамки на зајакнатите акциски контроли кои беа спроведени согласно Плановите за спроведување на мерки и активности од страна на полициските службеници, при редовното работење и спроведените контроли, регистрирани се 113.737 прекршоци, кои бележат намалување за 8% компаративно со 2019 година. Најмногу прекршоци се регистрирани на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје-33.426, Штип-15.874 и Тетово-13.855.

Топ три прекршоци за кои се поднесени барања се без возачка дозвола-14.702, управување нерегистрирани возила-14.333 и пречекорена брзина-8.604.




## III. ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ И ДРУГИ РАБОТИ

## 3.1 Единица за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет

Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет континуирано преземаше активности за вршење на стручен надзор и контрола на службите, со цел за поголема ажурност, навременост и квалитетност во извршување на работите и задачите кои се во надлежност на Бирото за јавна безбедност. Оваа година, со оглед на состојбите кои се поврзани Covid 19, особено интензивно се следени и постапувањата по нормативните прописи и инструктивни телеграми кои се процесираат со цел за доследно почитување на Одлуките на Владата, како и одредбите од Законот за внатрешни работи и Законот за полиција кои се однесуваат за работа во вонредни услови.

*Во делот на стратешкото планирање, продолжени се активноста за следење на Стратешкиот план на МВР и Акцискиот план за реализација на Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020. Во оваа насока, во соработката со Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања, преземени се активности за изготвување и следење на Годишниот план на МВР за 2020 година, како и изработка на Нацрт-стратешки план на МВР за 2021-2023. Покрај наведените активности, Единица даваше и мислење по однос на текстот на „Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2020-2024 година", како и Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, а соодветни активности се преземени и по однос на статусот на реализација и планирани активности кои се поврзани со Акциските планови на Националните стратегии за спречување на насилен екстремизам и за борба против тероризам.*

Во текот на 2020 година, Единицата постапи по вкупно 18 планови за стручен надзор во организациските единици на БЈБ, при што активностите за стручен надзор се спроведуваа како на централно, така и на локално ниво, опфаќајќи ги подрачните единици.

Со вршењето на стручен надзор и контролите опфатени се повеќе видови на активности, од кои за 2020 година карактеристични се надзорот и контролите кои се поврзани со спроведувањето на мерките и протоколите за работа во услови на COVID-19, како и одржувањето на ,Предвремени парламентарни избори 2020 година“, за што раководителот на оваа единица активно учествуваше и во оперативниот тим на оперативниот штаб како носители на целокупната активност. Согласно утврдениот делокругот на работа, оваа единица во текот на 2020 година изготви вкупно 21 инструктивни и 30 информативни телеграми.

Во рамки на проектните активности со рамковен ИПА проект, единицата партиципира во тековниот ИПА проект ,,Имплементација на систем за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работата-фаза 2“-ИПА 2015, како и работата на работната група која има задача да ги преземе сите мерки и активности за имплементација на Проектот NICS (Next-Generation Incident Command System) алатка за комуникација и координација.

Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет активно е вклучена во следењето и спроведувањето на реформските процеси кои се поврзани со полициското работење.

Во оваа насока, во рамки на меѓународните проектни активности, земено е учество во :

- работната група за НАТО-одбранбен процес на планирање за изработка на Преглед на Капацитети и способности на МВР во услови на сложена безбедносна состојба и кризна состојба,
- како и координативната работна група со претставници од мулти-агенциски тим од Европската команда на САД во врска со спречување на нелегална трговија со оружје за масовно уништување (хемиски, биолошки, радијациони, нуклеарни оружја и други материјали) и справување со последиците предизвикани од оружје за масовно уништување, како и справување со последици предизвикани од катастрофи.

Единицата учествува и во Програмата на активности на „CMEP SEE, која се спроведува во соработка со Амбасада на САД во Скопје за Проценка, подготвеност и одговор во итни ситуации и претставници од Системот за управување со кризи и заштита и спасување во Северна Македонија, потоа проектните активности со „Меѓународната агенција за атомска енергија-МААЕ", како и проектна активност со европски истражувачки проект КОНЕКТ Context of Extremism in MENA and Balkan Societies No 8707772.

Во рамки на меѓуресорските проекти, Единицата е вклучена во проектната активност „Биди безбедна", во која Министерството за труд и социјална политика заедно со UNDP ја креираа првата мобилна апликација за помош и поддршка на жртвите на насилство, а Министерството за внатрешни работи согласно своите надлежности ќе учествува во реализација на делот за заштита на жртвите и пронаоѓање и казнување на сторителите.

Покрај наведеното, Единицата учествува и во меѓуресорска работна група за подготовка на НАТО-EADRCC вежба „Северна Македонија 2021", како и Меѓуресорска владина работна група за изготвување на Национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца).

***Во 2020 година Единицата зема учество и координација во имплементацијата на Компонента 2 од проектот на УНДП „Подобрување на националните пракси за управување со мало и лесно оружје и градење на резилиентни заедници", за што е формирана работна група во Министерството. Во рамки на оваа компонента, се преземаат активности за Развој и имплементација на Интегриран полициски информациски систем – Модул за Евиденција на инциденти, документи, активности.***

## 3.2

## Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа

Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, како централна организациска единица во БЈБ, континуирано преземаше активности за анализа на состојбите, проценка на ризиците и стратешко насочување на организациските единици во Бирото за јавна безбедност. Ваквата надлежност подразбираше континуирано собирање, обработка и анализа на статистички, разузнавачки и други оперативни податоци за следење на безбедносните состојби, состојбите со криминалот и криминалните групи и поединци, како и активности за детектирање на предизвиците и проценка на заканите кои се поврзани со одржувањето на јавната безбедност и спречување на криминалот во сите области.

*Одделот обезбеди официјални статистички податоци, изработи повеќе стратешки и аналитички продукти наменети за информирање и поддршка на раководните структури, како на стратешко, така и на тактичко и оперативно ниво. Дел од аналитичките продукти и информации беа наменети и за спроведување на процесите за евроинтеграција, обврските за информирање на јавноста и стратешкото планирање на активностите на Министерството.*



Активностите на Единицата за криминалистичко разузнавачка анализа главно беа насочени кон давање поддршка на надлежни организациски единици во доменот на криминалистичките истражувања воспоставени во Бирото за јавна безбедност. Поддршката се однесуваше на изготвување анализи, профили, извештаи и информации во рамки на тековни криминалистичките истражувања, како и во процес на воспоставување на криминалистички истражувања. Во оваа насока активностите особено беа интензивирани во делот на изготвувањето на телефонски анализи, дадена е и соодветна поддршка на оперативните штабови и оперативните тимови, а континуирано се изготвени и периодичните извештаи за состојбите со криминалистичките истражувања и оперативните извештаи.

### *Софтверска апликација за евиденција на податоци со Covid 19*

Особено значаен е и ангажманот при креирање на софтверската апликација за евиденција и сублимирање на податоците во врска со Covid 19, како и изготвување на тековни извештаи, информации и барања поврзани со состојбите и мерките што полицијата ги презема за контрола и спречување на пандемијата.




Пред да се пушти во употреба апликацијата, од страна на ОКРА-БЈБ беше изготвен „Прирачник за евиденција COVID-19“ во кој се објаснети сите постапки за внесување и експортирање на податоци од апликацијата.

***Заради следење на секојдневните активности на Министерството за внатрешни работи во врска со вирусот „Ковид-19“ на барање на ОКРА-БЈБ од страна на ОИТ е креирана апликација „Евиденција COVID-19“ во која од страна на Секторите за внатрешни работи, Регионалните центри за гранични работи, СККДФ и ОКРА-БЈБ се внесуваат податоци. Оваа апликација преставува единствена статистика на МВР во врска со сите преземени мерки и активности со вирусот „Ковид-19“.***

За сите промени во апликацијата (генерирање на нови индикатори или отстранување на индикатори кои повеќе не важат) единствена надлежност има ОКРА-БЈБ.

Податоците во апликацијата се внесуваат во претходно генерирани полиња со 78 индикатори и тоа: **преземени мерки за лица во изолација и самоизолација**, **кривични пријави за непочитување на мерката за изолација и самоизолација**, **прекршоци за не носење на лична заштита на лицето и за групирање на лица на јавен простор, извршени контроли во објекти во координација со ДПИ, сместени лица во објекти за државен карантин, преземени мерки од сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика, забрана за движење, преземени мерки од регионалните центри за гранични работи** и **останати кривични пријави и известувања.**

Од страна на ОКРА-БЈБ податоците од апликацијата секојдневно се експортираат во ексел табели, од кои потоа се изготвува информација за потребите на Координативното тело и највисокиот менаџмент во МВР со цел планирање и преземање на конкретни мерки и активности.

***Во оваа насока, изготвени се повеќе стратешки документи со кои се следат и идентификуваат заканите, трендовите и движењата на криминалот по области, вклучувајќи ја и процената за заканите и предизвици во иднина, кои се од особена важност за рано предупредување и донесување на стратешките одлуките кои се поврзани со процесот за утврдување на приоритетите, координацијата и давањето на задачите, кои понатаму се делегираат на оперативно и тактичко ниво.***

Активностите на *Единицата за стратешка анализа* беа насочен кон унапредување на процесите за стратешка анализа и изработката на стратешките документи, истакнувајќи ја важноста на стратешкиот пристап во борбата против криминалот и одржувањето на севкупната јавна безбедност.

Во овој домен, покрај изготвувањето на стратешка проценка и нејзиниот Периодичен преглед во кој е содржан и извештај за состојби по приоритети и проценка на постигнати резултати за 2020 година, особено значење имаат и стратешки документи кои периодично и во повеќе наврати се изготвуваа за доследно следење на состојбите и идентификување на влијанието на Covid 19 врз криминалот, со посебен приказ на динамиката и промените кои се воочени кај поедини области на криминал.




Во делот на информативната дејност, изготвени се голем број информации и извештаи, со кои високиот менаџмент и другите раководни структури беа информирани на дневно, неделно и периодично ниво. Покрај ова, во рамки на единицата преземени се активности за обезбедување на податоците за постигнатиот напредок и одговорот на прашањата кои се поврзани со подготовката

на Придонесот кон Извештајот на Европската Комисија за Република Северна Македонија, додека поединечни одговори се дадени и на останати барања од заинтересирани субјекти.

*Единицата за статистичкото известување и документирање* континуирано и редовно изготвуваше месечни и квартални продукти кои се поврзани со статистичкото известување за состојбата во делот на криминалитетот, јавниот ред и мир, странските државјани, проток на патници, гранични работи и сообраќајот.

***Изготвени се повеќе статистички осврти и прегледи за безбедносна состојба и криминалитетот, а изготвени се и 132 месечни, 98 квартални 10 полугодишни и 26 годишни прегледи согласно Упатството за начин на водење на статистички податоци. Покрај ова изготвени се и 53 други прегледи, а дадени се и 375 одговори по пристигнати барања за доставување на статистички податоци.***




Потоа, континуирано беа преземени активности за архивирање на материјалите, согласно претходно изготвен план. Единицата за статистичкото известување и документирање активно учествува во проектот за „Имплементација на систем за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работата-фаза 2“-ИПА 2015, при што оваа година даден е значаен придонес во изготвување на новата апликација за Азбучен индекс и Криминалитет, а спроведени се и обуки за внесување и пребарување на податоците во апликацијата.



## 3.3
## Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси

*Во рамки на нормативна дејност преземени се повеќе активности за донесување на подзаконски акти за работата на организациските единици во Бирото за јавна безбедност, а ревидирани се и повеќе упатства и стандардните оперативни процедури заради усогласување со законските прописи. Покрај наведеното, Одделот континуирано даваше правни мислења и насоки по доставени барања од организационите единици, изготвуваше договори со државни органи и правни субјекти, потоа договори за дело со лица кои се ангажирани да работат во МВР и слично.*

*Во текот на 2020 година во рамки на овој Оддел изготвени се над 500 мислења по предлози на закони и подзаконски акти и Нацрт-записници од седници на Владата на Република Северна Македонија, а претставниците од овој Оддел учествува и во кривичните постапки пред надлежните судови, како и работата на повеќе работни групи.*

*Во соработка со ОБСЕ изработена е Стратегија за вклучување и комуникација со заедницата и документ - Оценка и ревизија на системот на дисциплински постапки во МВР со препораки, а во тек се и активности за спроведување на процесот на реформи во водењето на дисциплинските постапки. Во делот на постапките за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина против работници во Бирото за јавна безбедност, во текот на 2020 година изготвени се вкупно 486 решенија, при што во 23 постапка е изречена мерка "откажување на договорот за вработување", во 18 постапки е изречена мерка "распоредување на еден степен пониско", во 290 постапки е изречена мерка "парична казна", во 37 постапки е изречена мерка "писмено предупредување", а во 118 постапки донесено е решение за запирање на постапката. Во однос на материјалната одговорност, оваа година донесени се пет одлуки.*

Во делот за заштита на лични податоци поднесени и одговорени се 349 барања, а значајно е да се напоменат и активностите кои беа преземени  во врска со донесувањето на новиот Закон за заштита на личните податоци со кој се изврши транспонирање на Европската Регулатива 2016/679 во домашното законодавство. Претставници од овој Сектор партиципираат и во изготвувањето на Предлогот на Законот за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции.

***Во 2020 година спроведени се пет договори за вработување во Бирото за јавна безбедност, а изготвени и реализирани се  и околу 1.500 решенија за исплата на бонус платата за 2017 година.***

Во делот на управување со човечките ресурси континуирано се спроведуваа постапките за распоредување и унапредување на работниците во Бирото за јавна безбедност, како и останатите постапки кои се однесуваат на остварувањето на другите права од работен однос.

Во овој дел, изготвени се околу 3.000 решенија за распоредување, 2.245 решенија за годишни одмори, 1877 решенија за платено отсуство, 75 решенија за неплатено отсуство 344 решенија за остварување на права по основ на солидарна помош, 321 решенија за јубилејна награда и сл. Оваа година изготвени се 911 службени легитимации, а тековно се изготвувани и наредби за извршување на работи и задачи, уверенија за бенефициран стаж како и други акти за остварување на правата по основ на пензиско, инвалидско и здравствено осигурување.

Во рамки на Одделението за обука и развој на персоналот и застапеност на заедниците и еднаквост на половите, преземени се активности кои се поврзани со постапката по јавениот оглас кој беше објавен на крајот на годината, односно 29.12.2020 година, додека во постапка по интерен оглас оваа година распишани се огласи за пополнување на 266 работни места со 634 извршители. Во текот на 2020 година, постапено е по 90 барања од организациските единици за изготвување на решенија за службено патување во странство, како и 10 барања за изготвување на решенија за ментори.




Во врска со приправничките и посебните испити, во текот на 2020 година изготвени се 31 известување за работниците од БЈБ на кои посебниот испит им се смета за положен согласно уредбите со законска сила кои беа донесени за примена на Законот за внатрешни работи за време на вонредната состојба, а исто така во согласност со предметните уредби, без да се спроведува електронско полагање, приправничкиот испит се смета за положен за вкупно 600 приправници. Врз основа на

склучени меморандуми за соработка со образовните установи и институции, овозможена е реализација на практична настава во организациските единици во БЈБ во која учествувале 47 студенти од Универзитетот од ЈИЕ, два од Технички факултет-Битола и 87 студенти од ФОН, а исто така проследувани се и прашалници за научно-истражувачки цели.

Покрај наведеното, континуирано се реализирани и тековните активности за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата, контролирани и ликвидирани се влезни фактури од добавувачи за извршени услуги и набавки, односно 4.205 фактури согласно расходна класификација, изготвени и проверени се 70 касови извештаи за исплатени 720 готовински сметки за патни и други расходи во вкупен износ од 1.132.470 денари и 82 касови извештаи за исплатени 1580 сметки за потрошено гориво во вкупен износ од 2.787.565 денари, примени се 90.000 платливи обрасци согласно законските прописи за безбедноста на сообраќајот, издадени се 87.500 глоби, изготвени се пресметки и мислења по наоди во врска со судските постапки и вештачењата за надоместоци од работен однос за вкупно 2.901 предмети, изготвени и проверени се 67 фактури за извршени асистенции и укажана помош на институции и правни лица, како и други останати финансиски работи

***Во делот на финансиските работи, финализирани се активности за попис на парични средства, опрема, ситен инвентар и оружје во организациските единици на БЈБ за 2019 година, изработена е интегрирана пресметка на потребни средства за Буџет за БЈБ за 2021 година со проекција на потреби за 2022 година и 2023 година, а преземени се и подготвителните активности за пописот за 2020 година.***

## 3.4

## Оддел за **криминалистичко технички испитувања и вештачења**

Во текот на 2020 година Одделот континуирано преземаше активности за вештачења и анализи на предмети и траги обезбедени при истраги на место на настан или други истражни дејствија и тоа воглавном по барања на обвинителства, судови, поедини организациски единици во рамките на Министерството за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за финансии, Завод за социјални дејности и други државни институции. Во овој период беа доставени вкупно 10.258 акти што претставува намалување од 21% во однос на доставените акти во 2019 година.

Во текот на 2020 година, во ОКТИВ беше успешно спроведен процес на реакредитација и ОКТИВ стана ***прва форензичка лабораторија во регионот*** која ја потврди акредитацијата согласно барањата на актуелниот стандард за компетентност на лаборатории за тестирање.

Тестирање
МКС EN ISO/IEC 17025
ЛТ - 066
Testing

Имено, од страна на Институтот за акредитација на Северна Македонија беше спроведен редовен годишен надзор на функционирањето на системот за управување со квалитет во ОКТИВ при што беше констатирано дека воспоставениот систем успешно функционира и ги задоволува барањата на меѓународниот стандард МКС EN ISO/IEC 17025:2018. Поради пандемијата, надзорот беше спроведен со далечинско оценување, што за жал го оневозможи проширувањето на опсегот на акредитација на ОКТИВ процес кој може да се спроведе само при физичко присуство на оценувачите.

Акредитацијата на форензичките лаборатории е од огромно значење за државата заради што ***одржувањето и унапредувањето на имплементираниот систем за квалитет останува иден стратешки приоритет на ОКТИВ и Министерството во целина.***

***<u>Краток преглед на сработено по одделни лаборатории и нивна ефикасност на годишно ниво</u>***

Во **Одделението за микро-траги** примени се 549 предмети за вештачење на траги од испалување со огнено оружје, експлозивни и запаливи материи, боја, стакло, пластика, гума, земја, текстилни влакна, метали и слично со барање за изработка на околу 2267 анализи. Ефикасност на одделението е 94,26%. Во **Одделението за токсикологија и дроги** се завршени 1128 предмети за анализа на алкохол (ефикасност од 81,8%), 987 предмети со метаболити од дрога (ефикасност од 74,3%) и 851 предмети од областа на дроги (ефикасност од 74%) при што се вештачени повеќе видови запленета дрога.

Во **Отсекот за огнени оружја и балистика** доставени се вкупно 385 предмети со барања за балистички вештачења, идентификации на чаури и проектили, исправност на оружје, карактеристики и исправност на муниција и слично. Спроведени се вкупно 468 анализи, а ефикасноста на отсекот е 83%. Во **Отсекот за пожари, експлозии и експлозивни направи** доставени се вкупно 112 предмети за вештачење на траги од пожари, траги од експлозии, минско-експлозивни средства и сл. Спроведени се вкупно 1230 анализи, а ефикасноста на отсекот е 86%.Во **Одделението за испитување спорни документи** се доставени вкупно 206 предметни материјали за вештачење, а се спроведени вкупно 3612 анализи на ракопис и потпис, разни лични документи, отпечатоци од печат и штембил и слично. Ефикасноста на одделението е 95%.

***Во Отсекот за механички траги и моторни возила доставени се вкупно 736 предмети со барања за анализа на механички траги на брави, катанци, облека, алат, идентификација на моторни возила и реституција на броеви, траги од сообраќајни незгоди (светилки, пневматици) и слично. Спроведени се над 750 анализи, а ефикасноста на отсекот е 68%.***

Во **Одделението за криминалистичка регистрација и идентификација на лица** доделени се вкупно 2476 предмети за Отсекот за дактилоскопска регистрација и идентификација на лица кои се завршени со ефикасност од 88% и 1586 предмети за Отсекот за регистрација и ДНК идентификација на лица кои се завршени со ефикасност од 59%. Во **Одделението за траги од папиларни линии и прием и селекција на биолошки материјал** се примени 1149 барања за анализа на траги од папиларни линии и 1890 барања за обработка во однос на биолошки траги. Годината е завршена со ефикасност од 84%. **Одделението за дактилоскопија** работеше со ефикасност од 99% во однос на доставените предмети за вештачење (вкупно 1762) и 100% во однос на доставените предмети за проверки (вкупно 78). Идентификувани се вкупно 189 лица врз основа на траги од папиларни линии.

**Одделението за биолошки испитувања и ДНК идентификација** се соочи со 880 барања за вештачење и 13 барања за проверки. Спроведени се вкупно 9169 ДНК анализи и 239 имуно серолошки анализи, со вкупна ефикасност од 78%. Од изработените вештачења се издвојуваат: 157 поврзувања со лица осомничени за сторено кривично дело, 98 поврзувања меѓу неидентификувани траги од различни кривични дела, 349 поврзувања со лица кои евидираат во ДНК базата, а не се осомничени за конкретното кривично дело.

***Фото и видео лабораториите беа вклучени во над 200 активности за документирање на претреси, протести, делегации од безбедносен аспект; криминалистичко техничка обработка на возила; фотографирање на отпечатоци од стапала и механички оштетувања; обработка на видео материјали и др. Полиграфската техника е применета за 20 кривични дела при што се тестирани вкупно 33 лица, а техниката на фоторобот е применета за едно лице. Во системот за автоматизирано препознавање на ликови внесени се околу 30,000 лица.***

***Учество во тестирања на оспособеност - надворешни тестирања***

Со цел проверка и потврда на компетентноста на лабораториите и експертскиот кадар, ОКТИВ редовно учествува во меѓу лабораториски споредби и профишенси тестови. Во текот на 2020 година, во ваков тип тестирања (организирани од различни провајдери на тестирање) беа вклучени ***вкупно осум лаборатории, кои успешно го поминаа тестирањето*** и дадоа позитивни резултати.



Имајќи предвид дека овој тип тестирање е еден од начините на следење на валидноста на резултатите од испитувањата на лабораториите, ***спроведувањето на ваков тип тестови ќе продолжи и во наредната 2021 година*** .

***Осовременување на просторните капацитети***

Во рамките на ИПА/2016 програмата, со поддршка на Европската Унија се гради објект наменет за форензичките лаборатории во Бирото за јавна безбедност.



И покрај неколку месечниот застој на градбата, заради состојбата со пандемијата, сепак активностите предвидени во проектот се спроведуваат според планот и се очекува до крај на 2021 година објектот да биде финализиран. Паралелно со градбата на објектот, во текот на 2021 година ќе започне и постапка за јавна набавка на биро-лабораториска опрема за потребите на лабораториите.

***<u>Стратегија за понатамошен развој на капацитетите на криминалистичка техника на регионално и на локално ниво 2020-2025</u>***


Crime Scene Investigation in North Macedonia

Twinning 2019 Success Stories

February 2018 – November 2019

Good crime scene investigation practices are instrumental for the efficient work of the Ministry of Interior in North Macedonia, and were the subject of a Twinning project led by the Lithuanian Police Forensic Science Centre and supported by the Forensic Service Department of State Police of Latvia. The Twinning enhanced the forensic capacities of crime scene investigation units by assessing the available facilities and equipment, revising standard operating procedures, offering capacity-building to staff, and helping to prepare a strategy and action plan for 2020-2025 for the capacity development of crime scene investigation units at regional and local levels. The Twinning supported the wider reform priorities in North Macedonia in the areas of justice and police as set out in national strategies.

Стратегијата, како и Акцискиот план за нејзина имплементација, беа изработени во рамките на Твининг проектот “Понатамошно јакнење на капацитетите за истраги на место на настан“ (ИПА 2014), кој од Европската Комисија беше истакнат како една од “успешните приказни“ за 2019 година. Главната цел на Стратегијата е стандардизација на активностите кои се спроведуваат од страна на подрачните организациски единици на кримтехника. Активностите предвидени во стратегијата се веќе започнати и истите се конципирани во четири стратешки цели.

***<u>Проект “VECTOR“</u>***

Од средината на 2020 година, ОКТИВ е вклучен во имплементација на меѓународниот проект “Алатки за виртуелно собирање докази за идентификација и онеспособување неексплодирани убојни средства“ или “VECTOR“ (Virtual Evidence Capture Toll for Ordinance Recovery). Проектот е финансиран од страна на НАТО Програмата “Наука за мир и безбедност“, а генералната цел е надминување на современите решенија за подобрување на операциите за отстранување експлозивни убојни средства против широк спектар на закани или поконкретно - развивање софтверско решение за препознавање конкретни убојни средства.

***<u>Активности на подрачните служби за кримтехника</u>***

Согласно податоците од системот за менаџирање со електронски податоци на службата за кримтехника, вкупниот број на спроведени увиди на територијата на целата држава е 10.113 од кои што се обезбедени вкупно 29.976 траги и предмети. Најмногу увиди имало од областа на имотни деликти (70%), потоа следат увидите на сообраќајни незгоди (11%), крвни деликти (9%), пожари (6%) и вкупно 4% отпаѓаат на организиран, недозволена трговија и експлозии.

## 3.5
## Оддел за заштита на определени личности и објекти

*Одделот за заштита на определени личности и објекти преку своите организациски единици во текот на 2020 година согласно делокругот на работата, законските и подзаконските акти, преземаше мерки и активности, за обезбедување на личности и објекти, странски државници, (претседатели на држави, влади, парламенти и други носители на официјални државни функции) и манифестации, странските дипломатско-конзуларни претставништва во нашата земја и нивните резиденции врз основа на реципроцитет или склучен договор и меѓународните мисии со седиште во Северна Македонија врз основа на меѓународен договор.*



*Во таа насока, со цел создавање на поволни безбедносни услови во објектите кои се обезбедуваа, а воедно и непречено движење, заштита и одвивање на активностите на лицата кои се обезбедуваа, беа преземани оперативно-превентивни, превентивно-технички, како и мерки за лично физичко, вклучително и сообраќајно и ескортно обезбедување.*

*Покрај секојдневното обезбедување на највисоките претставници на Северна Македонија, беа преземени мерки и активности за обезбедување на две делегации од I степен, девет делегации од II степен, 17 делегации од III степен, 19 делегации од IV степен, 14 Акредитации, 10 транзити преку територијата на нашата земја и 22 манифестации.*

Од страна на Одделот беа преземени мерки активности за безбедно одржување на вонредните парламентарни избори. Одделот активно беше вклучен во следењето и справувањето со мигрантската криза, преку обезбедување возовите кои сообраќаат на територијата на земјата, а во насока на намалување на ризиците, заканите и зачувување на безбедноста во областа на железничкиот сообраќај.

Еден од предизвиците со кој се соочи Одделот за заштита на определени личности и објекти во текот на 2020 година, беше и новонастанатата состојба со КОВИД 19. Врз основа на Уредбата со законска сила на примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба, за безбедност на објектите определени од Владата на Република Северна Македонија, за спроведување на мерката строга изолација (карантин) се грижеше Министерството за внатрешни работи, а дел од објектите на Секторот за обезбедување на објекти од државен интерес и од Секторот за обезбедување на ДКП, објекти од посебно значење и обезбедување на возови се обезбедуваа со припадници на Армијата.

Во текот на 2020 година, односно од месец март до декември, Одделот за заштита на определени личности и објекти постапуваше по дадените насоки и телеграми од Министерството за внатрешни работи, кои произлегуваа со цел справување со пандемијата, предизвикана од вирусот Covid 19. Полициски службеници од Одделот вршеа внатрешно физичко обезбедување на објектите-хотелите, кои беа определени места за државен карантин, каде се сместуваа лица кои се враќаа во државата од високо и средно ризични земји, погодени со пандемијата.

***Од страна на Одделот беа преземени мерки активности за безбедно одржување на вонредните парламентарни избори, в.в. со ОА „Вонредни парламентарни избори 2020". Одделот активно беше вклучен во следењето и справувањето со мигрантската криза, преку обезбедување возовите кои сообраќаат на територијата на земјата, а во насока на намалување на ризиците, заканите и зачувување на безбедноста во областа на железничкиот сообраќај.***

**Оддел за специјални полициски операции**

Одделот за специјални полициски операции, во 2020 година постапуваше согласно планот за постапување на МВР во услови на прогласена вонредна (кризна) состојба на територијата на Република Северна Македонија предизвикана од појавата на корона вирусот-COVID 19 и преземаше мерки и активности на територијата на целата држава во координација со Секторите за внатрешни работи при преземање на мерките и активностите на нивните подрачја.

Во врска со одржувањето на јавниот ред и мир, во координација со подрачните Сектори за внатрешни работи, Одделот постапуваше по барања за обезбедување на спортски натпревари од висок ризик, јавни протести и други настани или манифестации од јавен карактер.



Во содејство со надлежните организациски единици, Одделот учествуваше во подготовките и реализацијата на мерките и активностите за обезбедување и мирно спроведување на „Предвремените парламентарни избори“.

По повод празникот „7-ми Мај“, беше носител на планирање, координирање и реализација на презентација спроведена во полициската база во Ѓорче Петров.

Како носител на крводарителска акција даде придонес на успешната соработка на Министерството за внатрешни работи со амбасадата на САД, а во соработка со Министерството за труд и социјална политика организираше акција за донирање храна и облека за деца без родители.

**Оддел за воздухопловни единици**

Одделот за воздухопловни единици во текот на 2020 година преку хеликоптерската единица за полициски намени и хеликоптерската единица за посебни намени, ги спроведе сите работни задачи кои како обврска произлегуваат од секојдневните, редовни работни активности на Министерството. Покрај редовните тренажни летови, за одржување на достигнат степен на обученост и летовите за обука, извршени се и оперативни летови, за потребите на организациските единици во Министерството и тоа: за потребите на Секторот за гранични работи заради обезбедување на државната граница, летови за извршување смена на персоналот од Секторот за телекомуникации на Солунска Глава, летови за транспорт и обука на припадниците од Одделот за специјални полициски операции и ВИП летови за потребите на Министерството за внатрешни работи.

Во согласност со ресурсите-хеликоптерите со кои располага, годинава се спроведени 531 тренажен и 55 оперативни и летови, при што уредно и безбедно беа реализирани сите барани оперативни летачки задачи за потребите на организациските единици на Министерството како и останатите надворешни корисници.



## 3.6
## Сектор за меѓународна полициска соработка

*Со прифаќање на европските стандарди во меѓународната полициска соработка, Секторот за меѓународна полициска соработка, кој функционално ја врши улогата на Единица за меѓународна координација на органите на државната власт на Република Северна Македонија претставува контакт точка која ги обединува сите канали на меѓународна полициска соработка (Interpol, Europol, SELEC), странските офицери за врска во Северна Македонија или во други земји, акредитирани за Северна Македонија, како и тројца наши офицери за врска во Интерпол, Европол и Селек.*

***Основен приоритет на Секторот за меѓународна полициска соработка и покрај специфичните услови на вонредна состојба, потребата за брзо делување, итна примена и почитување на здравствените прописи за време на епидемијата предизвикани од вирусот Covid-19, беше размената на информации помеѓу криминалистичките служби во земјата и странство, особено во борбата против тешките облици на кривични дела и организираниот криминал. Преку каналите на меѓународна полициска соработка разменети се вкупно 155.427 пораки, преку SIENA апликацијата на Европол вкупно 3.476 пораки, 605 пораки од странските партнери и 2.195 наши пораки пратени кон странство. Отворени се вкупно 1.885 нови предмети за постапување. од кои 1.447 се од Одделението НЦБ Интерпол-Скопје, 268 предмети преку Европол, 42 преку Селек, 128 предмети преку странските офицери за врска назначени за соработка со МВР на Северна Македонија, како и 390 предмети за меѓународни потерници.***

***Подобрување на националниот систем за гранична контрола со што се сведуваат на минимум „лажните податоци“ во базата. Како резултат на одличната соработка со германскиот полициски офицер за врски, добиена е донација во износ од 30.000 евра (возило, ИТ опрема и канцелариски мебел).Надградена е стратешката соработка преку учество во заеднички проекти и интензивирање на оперативната соработка на надлежните национални органи.***

Со поддршка на Одделението на Национално централно биро (НЦБ) на Интерпол-Скопје започна воспоставувањето на информатичко техничка алатка Interpol Illicit Arms Records and Tracing Management System - IARMS, во Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа со што се олеснува размената на информации и соработката во истрагата и внесувањето податоци во базата на огнено оружје.




Во 2020 година беше распишана првата Purple Notice („Виолетово известување" - за modus operandi) од страна на НЦБ Интерпол Скопје за заплена на наркотична дрога-хероин. Овие известувања на Интерпол за modus operandi се достапни на сите земји членки на Интерпол.

Во рамките на спроведено криминалистичко истражување, од страна на Одделението за потраги за пронаоѓање и приведување лица-извршители на потешки кривични дела за кои се распишани централни и меѓународни потерници за издржување казна затвор до десет години, а подолг период не се достапни на органите за прогон, за само три месеци се приведени вкупно 228 лица.

Од јуни 2020 година со поддршка на Одделението за Европол поставена е платформата СИЕНА за размена на информации на оперативно ниво од областа на тероризмот, во Секторот за борба против тероризам и насилен радикализам при ОСОСК.

Македонските државјани биле инволвирани во криминални активности во земјите членки на ЕУ, во три клучни области: тероризам и финансирање тероризам, насилен и имотен криминал и недозволена трговија со дрога. Продолжи тенденцијата на зголемен број лица лишени од слобода по меѓународна потерница во Северна Македонија со имплементацијата на алатката FIND (Fixed Interpol Network Database.

Од вкупниот број на извршени проверки во АСФ базата на украдени возила на ИНТЕРПОЛ, утврдено е дека три возила се пријавени за украдени во странски држави, додека осум возила-предмет на меѓународна потрага распишана од друга држава се пронајдени при контрола на гранични премини и останати проверки во нашата земја. Од нив, 11 биле вратени на сопствениците, и тоа во Швајцарија-четири, Германија-три; и по едно во Франција, Албанија, Грција и Косово.

***Во координација на Европол, Република Северна Македонија зеде учество во единаесет EMPACT заеднички акциски денови за сузбивање на криминалот: Операција Retrovirus; Операција Отпад; Операција SHIELD; Операција Endurance; Referral Action Day (RAD; JAD WB EU IRU; JAD Југоисточна Европа; AD Mobile 3; Операција Armstrong VII; Операција Bosphorus и JAD Danube. Рестриктивните мерки за спречување на пандемијата, наметнаа поголем интензитет на употреба и користење на услугите на интернет, поради што е забележан пораст на компјутерскиот криминал и појава на нови форми на делување во оваа област.***